СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто Продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 февруари1996 година

Скопје, февруари1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 39-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ,ОДРЖАНА НА 23.II.1996 г.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1,  83 (води сед,)
2. БОЈКОВ ИВАН - 2
3. ВЕЈСЕЛИ АБДУЉАДИ – 70
4. ГОШЕВ ТУШЕ -16
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 61, 67
6. КАДРИУ ЗЕЌИР - 19, 20
7. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 81
8. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 49
9. МЕШКОВ ЉУПЧО – 40, 47
10. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 24, 29
11. НИКОЛОВСКИ РИСТО -17
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 74, 77
13. ПЕЦОВ МИРКО - 55
14. ПОПОВСКИ ДИМИТРИЈА - 33, 36
15. РАМАДАНИ САЛИ - 51
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1
17. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 5, 10
18. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 52
19. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА - 37, 38
20. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР – 58, 84
21. ЧАДИКОВСКИ ЛУБОМИР - 2
22. ЧАПОВ СЛАВЧО - 11, 16
23. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 14

Дневен ред:

1. Расправа по изборот на Нова Влада и ИЗБОРОТ стр.83
2. Именување заменици на Министрите на Владата - 86

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 февруари 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почнуваме со работа.

Пратениците Илија Каров, Зоран Шапуриќ и Јаќим Ивановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес.

Збор има господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани драги колеги апелирам ако може денеска да работиме рационално, бидејќи да ве потсетам денеска се отвора Дваесет и седмиот Шарпланински куп чии што покровител е претседателот на државата Киро Глигоров, во присуство на 11 репрезентации, со кое што се совпаѓаат и деновите на Македонскиот олимписки комитет. Мислам дека ќе биде пожелно, а и поканети сме многумина тука присутни и мислам дека треба да го•одбележиме и овој голем чин за македонскиот спорт и воопшто нашата историја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ова не беше процедурално, туку ЕГП за Шарпланинскиот клуб. Минуваме натаму.

Господин Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Се воздржувам во корист на оваа рационалност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Гошев. - Тој сега не е тука.

За збор се јави господин Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, па би рекол и почитувани ТВ гледачи и радиослушатели ширум земјата. Бидејќи голем дел од ова што беше кажано во изминативе два дена очигледно беше упатено до вас. Иако дадовме еден апел, па дури нагласив дека е неделовнички тука да расправаме за односите и состојбите во Сојузот на Македонија, претседателот даде толкување дека може бидејќи е ситуација и време кога се распаѓа еден сојуз. Па, на говорницава непотребно многу време се изгуби на тема сојузот, неговата платформа. Во тој контекст и многу невкусни работи, претпоставки, почнувајќи од тоа зошто претседателот не присуствува на оваа седница, претпоставки за целите на "новокомпонираниот сојуз", кој што по мое мислење е истиот, бидејќи партиципиенти во Владата се пак истите политички партии. Имавме изложување на партиски маркетинг, партиски програми. Неколку партии се прогласија за најбројни, најквалитетни, најсимпатични и сето тоа од аспект на партиските интереси. Во еден од ударните термини моравме да гледаме и слушаме дури и едно шоу од кое што извираше

фрустрираноста на шоуменот, меѓутоа, се е тоа демократија. Од сето она што го слушнав, а особено од пратениците на парламентарната група на Либералната партија произлегува дека се имаше за цел на народот да му се каже кој беше лошиот кој добриот во досегашниот период и во Сојузот и во Владата Па, о лошите момчиња беа опишани претставниците на СДС, а добрите претставниците на Либералите. Чудно е само и за мене необјасниво зошто добрите момчиња дури сега кажуваат за лошите работи што биле долго време присутни и се правеле и ги знаеле, а дури сега ги изнесуваат. Почудно е што и до последен момент добрите грчевито се борат да останат заедно со лошите. Наместо што е логично во таква ситуација да бегаат од нив. Уште почудно, па дури и апсурдно е што Либералната партија на два пати му дава безрезервна поддршка на премиерот. Колку е тоа силен збор безрезервна поддршка, а последната таква безрезервна поддршка беше само пред 30,40 дена. Значи, до тогаш се имаше безрезервна поддршка, работите беа идеални, идилични, се беше добро а лошите работи аз овој народ и оваа држава се случија токму изгледа во овој период од 30,40 дена. Јасно е дека трансформацијата на мислењето е резултат на ставот и одлуката на премиерот во новопредложената Влада да нема членови на Либералната партија. Оттогаш упорно се прикажува дека Влада без либерали е потоп и трагедија за овој народ и оваа држава. Е, па, народе, мислам дека е јасно каде е болката, ама од сето ова очигледно е дека мамење ќе беше ако привидно се одржуваше едно вакво сојузништво, а проблемите тлеат и не се решаваат. А храброста е тоа отворено да се согледа и да се преземе најголем дел од ризикот за натамошните вкупни состојби во државата. Сега очигледно, господа, сите сме на чистина и сите со своето знаење умеење и квалитет ќе треба да го создаваме рејтингот пред народот.

Тешкотии во државата очигледно има, тие се лоцирани, евидентни, поевидентни од експозето на премиерот. Убеден сум дека оваа Влада во еден поинаков парламентарен колорит ќе биде далеку помомолитна, постручна и цврсто решена со самопрегорна работа постепено да ги разрешува напластените проблеми. Бидејќи ако не успееме во оваа и во наредната година да го запреме повеќегодишниот пад на општествениот производ, индустриското производство во овие нови услови сега без блокади, ако не успееме со инвестиционата активност да овозможиме услови за нови вработувања, ако не успееме да го стабилизираме дефицитот во пензискиот фонд, а фондот постапно да го претвориме во силна финансиска институција, ако не извршиме подобра организација и рационализација со реформите во државната администрација, ако не постигнеме конкретни, евидентни ефекти во намалување на криминалните дејствија од сите облици, општиот криминал, безбедноста на граѓаните, корупцијата, митото и криминалните дејствија на граничните премини, ако не успееме во низа утврдени и согледани слабости и негативности и не покажеме резултати, ќе немаме веќе кредит кај народот. Не ќе треба ние тука да донесуваме одлуки за предвремени избори, туку тоа ќе го направи самиот народ. Убеден сум дека тоа премиерот го знае, му е јасно и поради тоа реков дека целата оваа одлука донесена за ваков состав на влада и на ваков начин е храбра и полна со ризици. Меѓутоа, кога во Парламентот сериозно не се однесуваме при донесувањето на секој закон, бидејќи е евидентно дека нема помалку значаен или повеќе значаен закон, нема ништо да се постигне. Пресврт нема да постигнеме. Јас само критички, кои неколку други дискутанти признавам дека имаше случаи кога можеби ни се промакнуваа некои законски текстови во кои што со неквалитетни решенија предизвикувавме вакви состојби да Уставниот суд реагира и донесува соодветни одлуки. За тие работи зборуваа неколку дискутанти,

а јас само критички се осврнав на тоа. Во такви случаи јасно е некој постави прашање на одговорност, одговорноста е наша на Парламентот, не е на Владата. Бидејќи Владата може да нуди каков сака текст, текстот, обликувањето на текстот, менувањето на текстот, доизготвувањето на текстот е наша задача. Ова го зборувам затоа што престројувањето и одговорност треба да бараме не само во Владата туку и во Парламентот и однесувањето на пратениците. На новиот состав на Владата ќе му дадеме доверба, но ако почувствуваме субјективност, не активност, желби за лични, групни или локални интереси. Ние сме тие, не треба да го чекаме премиерот, што треба да бараме одговорност. Бидејќи државата и подобрувањето на вкупните состојби во неа, за доброто на граѓанинот се надпартиски интереси. Ако не ги искористиме можностите, а јас сум убеден  дека можеме, можностите што се и на повидок и во тек на реализација, јасно е самите ќе бидеме виновни за тоа, а времето ќе го покаже тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Пецов.

Не е тука.

Господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, го слушнавме експозето на премиерот од составот на новата Влада и добро е што во него премиерот спомна односно ја цитираше платформата на Сојузот за Македонија и претпоставка е дека при немање на друга програма на Владата, како што и досега немаше, тоа значи новата Влада нема своја платформа, добро е што напомна дека новата  Влада ќе се

базира, односно ќе работи да ја реализира постојната платформа на Сојузот за Македонија. Добро е што премиерот и критички се осврна на работата на досегашната едногодишна работа на Владата, напомнувајќи во кои сегменти Владата има успех, а во кои сегменти нема успех. Од ова произлегуваат две -прашања кои би сакал на почетокот да ги поставам на премиерот.

Првото прашање би било зошто се разрешуваат тие министри во оние министерства каде што има постигнато видни резултати, со кои потполно се сложувам. А зошто не се разрешуваат оние министри каде што имаме потфрлување или неуспех на досегашната работа на Владата.

Второ прашање е дали на овој начин смета дека со новиот состав ќе може да се реализира платформата на Сојузот за Македонија. Затоа и покрај обидот на премиерот во јавноста разрешувањето на министрите либерали да го прикаже како морален чин согласно со принципите на преостанатата демократија, односно да докаже дека тие биле само експерти во Владата без партиска поддршка, сепак, преовладува чувството дека зад нивното разрешување стојат многу подлабоки и битни причини кои јавно не се изнесени, односно не ја запознал јавноста. Имено, во отсуство на опширна и темелна анализа за едногодишното работење на Владата, а со тоа и на разрешените министри, либерали во раководствата, па и другите, во раководството на партијата направивме обид да го анализираме нивното работеше и однесување на Владата. Притоа, се заклучи дека нивните предлози и залагања за нови, квалитетни законски проекти во доменот на новиот ресор битно отстапувале од залагањата на останатиот дел од Владата и премиерот. Констатација е дека најголеми и најбитни разлики постојат во градењето и водењето, односно проектирањето и реализацијата на макроекономската политика, особено во одделни нејзини елементи.

На пример, во обидот на премиерот и неговата неконзистентна владина политика за обезбедување на социјална помош на невработените, односно во политиката за нови работни места, водејќи сметка за социјалниот аспект на проблемите, либералите министри се залагаа и инсистираа за политиката на отвораше на нови работни места и во тој контекст во вид на понудени проекти до Владата, се предложија решенија за запирање на падот на индустриското производство и развојот на малите и средните претпријатија.

Со донесувањето на макроекономската политика министрите либерали бараа вградување на мерки за обезбедување на повисоко ниво на животен стандард, пораст на општествениот производ и зголемување на вработеноста, односно беа против политиката која овозможува економска стабилност, намалување на животниот стандард, пад на општествениот производ и намалување на вработеноста. Кредитно-монетарната политика на стабилен и реален девизен курс, кој објективно е преценет за околу 60-70% целосно ги дестимулира извозно - ориентираните субјекти во стопанството. Сега истите ги упатуваме на преструктуирање со цел да можат да обезбедат профит, но со постојната фискална политика практично го уништуваме и тој мал дел на профит што тие го остваруваат.

Во делот на организационото преструктуирање на субјектите во стопанството, државата има воведено исплата на 12 плати со даноци и придонеси од нето платите во висина од 80% за сите работници кои се технолошки вишок. Јасно е дека со ваквиот висок просек на зафаќање директно се оптоваруваат претпријатијата во стопанството, кои некако успеваат да функционираат во постојните услови.

Во делот на технолошкото преструктуирање субјектите во стопанството се оптоварени со царини и давачки кои се поголеми од пред две години. Во ситуација на опаѓање на индустрискиот производ

видовме во 1995 година 10,7% се бара дури и при купување на инвестирање на нова технолошка опрема, треба да се плати данок на државата. Имено, наместо државата да го поттикнува технолошкиот развој на претпријатијата и сите други субјекти во стопанството, таа со високите даноци го оневозможува и дестимулира.

Во сферата на финансиското преструктуирање на претпријатијата неопходни се многу повеќе финансиски средства за отворање на нови работни места како резултат на високите даноци кои мора да се платат за отпочнување на некој нов бизнис. Притоа се користи најскап финансиски капитал со високи каматни стапки, едни можеби од највисоките во Европа, со што го разоривме и така кревкото стопанство, односно овозможивме одлив на финансиски капитал во странство.

Прашувам во вакви услови кој паметен бизнисмен ќе се ангажира да инсистира во производството. Сакаме да формираме пазарен капитал а дозволуваме ослободување од данок и добивката, доколку таа целосно се реинвестира со што директно го спречуваме развојот на стопанството, а со тоа и решавањето на проблемот на невработеноста. Постојните извори на средства за инвестиции се само пренесени од претходниот економски систем. Како резултат на таквата политика во последните 50 години, како што ви е познато, имавме многу промашени инвестиции. Што е тоа што променивме сега за да ја одбегнеме опасноста од тие промашени инвестиции? Дали сме по- искусни, попаметни, или можеби почесни. Не сме ни едното ни другото. Ако не го промениме системот на инвестирање и лоцирањето на одговорноста за евентуалните промашувања. А дека тоа ќе се случи доволен е фактот што немаме никакви директни инвестиции, туку за сите финансиски средства, кредити, гаранции дава државата. И наместо да има зголемување на вработеноста, пораст на индустриското производство, пораст на

општествениот производ по жител, ние имаме 226 илјади невработени, а од 353 илјади вработени, 157 илјади од носно 45% не земале плати од еден, два, три и повеќе месеци.

II/1.-ЛП/ОМ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ: (**Продолжение)

Присутна е општа неликвидност и иссолвентност помеѓу фирмите во стопанството, 3867 претпријатија се во стечајна постапка, а се наоѓаме пред економски хаос поради долгото одлагаше да се донесат системските закони за трговски друштва, Законот за царинска тарифа, за Јавните претпријатија, хипотеки, стечаи и слично.

Во однос на приватизацијата на општествениот капитал постојат размислувања дека таа е брза, праведна и т.н. Суштината е дека процесот на приватизација на општествениот капитал исклучиво зависи од степенот на регулирање на односите во развојот на приватниот капитал. Доколку не ги регулираме прашањата за земјиштето, платите, каматата, заштитата на инвестициите, заштита на доверителите и се она што овозможува нормално функционирање на приватниот сектор нема да има амбиент на вистинска стопанска активност на претприемачите, а приватизацијата ќе биде без економски ефекти.

Затоа, со гласање за Владата во однос на идната економска политика, почитувани пратеници, денес можеме да се изјасниме на следниот начин:

Прво, да гласаме за предлогот на премиерот и да овозможиме опстпјување на неконзистентната владина политика за обезбедување на социјална помош на невработените и постепено сите да станеме зависни од таа помош, или

второ, да гласаме против и да се одредиме за прогресивна економска политика, за отворање на нови работни места, пред се за младите генерации, водејќи сметка и за социјалниот аспект на проблемите.

Всушност, ваквата политика беше и сугерирана од претседателот на Република Македонија, г-динот Киро Глигоров во неговото новогодишно обраќање кон стопанствениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не сакав да се јавувам за дискусија, меѓутоа, мојот колега од Радовиш, пратеникот г-дин Чифлиганец ме игнорираше, па според неговата дискусија и дискусијата на некои, особено од членовите од СДС дека во изборот не биле од Сојузот за Македонија, туку биле од други политички партии е невистина. а посебно се однесува на изборите на изборната единица 60 и 61 во Радовиш, каде од Сојузот за Македонија кандидати за пратеници бевме јас и почитуваниот г-дин Ванчо Чифлиганец.

Во предизборната кампања за претседателски и пратенички избори 1994 година  настапив со зборовите: "Гласајќи за Сојузот за Македонија гласате претседателот г-дин Киро Глигоров, гласајќи за мене гласате за Сојузот". Гласачите беа принципиелни на изборите и го дадоа својот глас за Сојузот за Македонија, бидејќи беа уверени во неговите програмски цели, кои во суштина ги имаат заложбите за зацврстување на мирот во Република Македонија, за зацврстување на нашата земја на економски и политички план, влез на Република Македонија во меѓународните институции, за побрза, ефикасна и побезболна трансформација на општествениот капитал, заживуваше на стопанството, профункционирање на правната држава, подобрување на условите на малото

стопанство, изградба на инфраструктура и т.н. Но за нивна и наша жалост работите не излегоа така како што беа ветени пред гласачите. Уште на почетокот при составување на Владата дојде до конфликт помеѓу премиерот и Либералната партија. Проблемот беше во тоа што од сите досега познати искуства од парламентарни демократии во Европа на Либералната партија и беше понуден неадекватен број на министри во Владата на Република Македонија од страна на премиерот, што не одговараше ни од далеку според добиените пратенички места на Либералната партија и второ, неприфатливост од Либералната партија на министер предложен од премиерот кој потпишал акт против Уставот на Република Македонија, што резултираше со воздржаност при гласањето на Владата од страна на пратениците на Либералната партија. Но и тоа помина. Владата се прифати, Парламентот почна со продуктивна работа, се донесуваа закони од сите области за интересот на република Македонија како на внатрешен така и на надворешен план.

Но по едногодишна работа, што се случи? Не докрај усогласени- те програмски платформи на партиите внатре во Сојузот, и покрај принципиелноста на Либералната партија, сепак, се појавија на виделина. Значи ли тоа дека уште во стартот се немаше волја за вистински и принципиелни оформувања и зацврстувања на Сојузот за Македонија и тоа не само кака прагматична платформа исклучиво за освојување на власта туку како една синтеза на најпрогресивните политички сили во Република Македонија со единствена цел за доброто на Републиката и на нејзините граѓани. За жал, и покрај сета толерантност на Либералната партија и опстојувањето на принципите на Сојузот за Македонија, очигледно беше непринципиелното однесување на некои структури од Социјал демократскиот сојуз, кој основните фундаменти на програмските цели и суштината на Сојузот за Македонија

со отворено наметнување на програмата на Социјал демократскиот сојуз како програма на Сојузот за Македонија и дистанцирање од сите заеднички единствени утврдени правци на дејствување и функционирање на Сојузот за Македонија. Во врска со ова, при актуелните неусогласувања, и покрај апелот на почитуваниот претседател г-динот Киро Глигоров за изнаоѓање на разумно решение во духот на Сојузот за Македонија, за жал , во истите струк- тури на Социјал демократскиот сојуз преовладаа радикалните тенденции исклучиво раководени од зголемените апетити за максимално преземање на власта со несогледливи последици за иднината на Македонија.

При ова Либералната партија повторно тргнувајќи од повисоките државни интереси и од интересот на граѓаните кои му ја дадоа довербата на Сојузот за Македонија целосно го поддржа апелот на претседателот на државата г-динот Киро Глигоров, покажувајќи подготвеност за надминвуање на неусогласеноста со Социјал демократскиот сојуз во прилог на зацврстување на Сојузот за Македонија и за негово поквалитетно работење, но за жал од страна на премиерот и некои структури во Социјал демократскиот сојуз, потполно се отфрлија заложбите на нашиот претседател.

Со ова, почитувани пратеници, не губи Либералната партија, не добива Социјал демократскиот сојуз, горчлива е вистината дека со ова изгуби Македонија се изгуби можноста за побрз, поефикасен и поправеден премин на Македонија кон европската ориентација. Од ваквите непромислени потези, но на некој начин сепак промислени потези на премиерот, односно одговорните структури во Социјал демократскиот сојуз, со еден проѕирен и демагошки трик се прави неуспешен обид, по мое мислење, да се префрли одговорноста за неуспешно работење на Владата врз Либералната партија.

II/5.-

Таканаречената темелна реконструкција на Владата, во суштина е една празна фраза, гола поза на вистината, без никаква врска со Уставот на Република Македонија, едно враќање на тркалото на историјата, една позната кадровска вртелешка, во која неодговорните се упатуваат на поголема одговорност, се уфрлуваат личности во Владата со потврдени авторитети, дури лица кои се дефинирани против Уставот и против политичкиот систем на државата. Изреката вели: "Чудно, но видено", "Кучињата лаат, караванот врви".

Драги пратеници, да не должам, би го прашал премиерот дали не е стара и минатата тезата. Те менувам без образложение, те поставувам ако си подобен. За оваа фраза не треба образложение.

На крајот, би изразил едно жалење до бирачите, бидејќи потполно ги разочаравме. Да имаат можност сега да се изјаснат, сигурно не би го добиле резултатот како на претходните избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има г-динот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, знам дека трпението го губиме, но мислам дека моето име беше спомнато од колегата Чапов и редно е да одговорам. За мене лично како граѓанин на оваа Република и како граѓанин од општината Радовиш жалам што колегата Чапов не ме разбра добро, но јас тоа го разбирам од моја страна и го толерирам кон него затоа што сме навистина пријатели. Тој не е професионален политичар, веројатно некој тоа му го подготвувал, но мислам дека колегата Чапов лично ќе ми се заблагодари затоа што навистина спрема него имавме големо разбирање и за оваа една година, а посебно во

II/6.-

изборната кампања. Добро знаат граѓаните и бирачите на Радовиш, целата агитација му ја подготвивме во Социјал демократскиот сојуз од една основ- на причина: Неговата партија до последен момент не можеше да се договори кој кандидат да го исфрли и тој беше во последен момент упаднат. Ние дури тогаш сфативме дека треба да настапиме како асоцијација политички сојуз. Ако не е така, го молам колегата ценет пратеник Чапов тоа нека го демантира.

Што се однесува до Сојузот, јас реков тоа е за мене политичка асоцијација, платформа за да се достигнат целите, а јас од ова место и сега потенцирам, оние цели што беа зацртани во платформата на политичката асоцијација, за прв пат го употребувам терминот политичка асоцијација, иако не сум професионален политичар, целите од првиот збор што сум ги рекол до последниот што ги има во декларацијата ги исполнувам. Ако колегата пратеник Чапов од Радовиш не ги исполнува, јас не би сакал во тоа да навлегувам. Затоа, ова што го рече колегата мислам дека не било во ред затоа што навистина имавме една одлична соработка, едно одлично разбираше како субјекти и мислам дека во многу работи ние како Социјал демократски сојуз, како пратеник на него лично му помогнавме. Секако и неговата помош беше кај нас, но мислам дека очекував некои пофални зборови.

Уште едно, а не сакав тоа да го експлоатирам. Ние кога бевме избрани за пратеници, господо, првиот ден по моја иницијатива, која обострано ја прифативме двајцата пратеници од општината формиравме едно тело од двете политички партии, Социјал демократскиот сојуз и Либералната партија,се согласивме и ние, и јас како пратеник на СДС и колегата Чапов. После три дена поединци, морам да кажам на кои им пречеше успехот и слогата на мене и Чапов, тоа беше поништено и не

важеше. И моравме во наредниот период повеќе индивидуално да настапуваме, а не заедно. Значи, ние не можеме да говориме за некое принципиелно сојузништво, туку за некое скриено сојуство за постигнување на некои цели. А целите од платформата на Сојузот за Македонија јас како пратеник во изборната единица 60 сто посто ги остварувам и уште повеќе ќе ги остварувам во наредниот период.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Чапов, пак реплика.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Се извинувам ако колегата Чифлиганец не ме сфатил добро. Јас му се заблагодарувам и се заблагодарувам на Сојузот каде бевме двајца предложени во изборната единица 60 и 61 во Радовиш. Заедно соработувавме, заедно бевме на избори и бевме кандидати од Сојузот. А за другото не сакам да дискутирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во интерес на попродуктивна работа на Парламентот јас се откажувам од мојата дискусија.

.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е тука г-динот Паунов?

Не е, од Кочани не се дојдени. И Каров не е тука.

Има збор г-динот Ристо Николовски.

II/8.-

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, во изминатите два дена слушнавме многу дискусии, многу прашања, а најголем дел од нив останаа не одговорени. Ако е јасно дека во овој случај станува збор за именување на нова Влада , со оглед на бројот на министрите што се менуваат и примена на ставот 4 од член 94 од Уставот на Република Македонија, неминовно се поставува прашањето на легитимитетот на претседателот на Владата односно дали тој за формирање на новата Влада доби мандаторство од претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров. Повторно би го поставил овде прашањето, на кое се уште не добив одговор. Дали г-динот премиер го консултирал претседателот на Републиката за предложените министри за одбрана, внатрешни работи и надворешни работи. Велам повторно го псотавувам истото прашање.

За мене како пратеник кој треба да одлучува по сопствено уверување во согласност со Уставот и Законот е важен одговорот на оваа дилема односно уставна обврска. Отворено е и прашањето за тоа чии пратеници сме ние на партиите или на Сојузот. Слушнав сега во репликата што ја даде г-динот Чифлиганец, каде што потврди дека е пратеник од Сојузот, меѓутоа, пред два дена тоа изгледаше поинаку дека е пратеник од СДСМ што денес самиот мислам дека го демантира. Вчера односно завчера " а изгледаше како да г-динот Чифлиганец да заборави кои партии стоеа на гласачките ливчиња, за денес истото тоа да го демантира. Дури во своето излагање тогаш се обиде и г-динот Киро Глигоров да го сведе на обичен член на СДСМ, за да може претседателот на СДСМ и премиерот г-динот Бранко Црвенковски да му биде партиски шеф. Ако ме изненади неговата тогашна заборавеност, не ме изненади неговата решителна поддршка и убавите зборови за храброста на премиерот бидејќи знаеме какви користи во периодот на

ембаргото спрема Сојузна Република Југославија извлече г-динот Чифлиганец користејќи ја својата партиска положба.

Во текот на вчерашната расправа со големо внимание го слушав и излагањето на г-динот Чадиковски. Патем, не знам што му требаше спомена дека некој министер префрлил од една на друга сметка 500 илјади долари. Според моите сознанија, оваа информација воопшто не е точна. Затоа, го молам г-динот Чадиковски да остане она што е и да не дозволи некој да му ги влече конците.

Но да се вратиме на Сојузот за Македонија и постигнатите изборни резултати. Сега кога во тој Сојуз повеќе не партиципира Либералната партија, се поставува прашањето колку гласачи стојат зад овој новокомпониран сојуз. Одговорот на ова прашаше можеме да го добиеме само со спроведување нови парламентарни избори.

Сега пред нас е предлогот за избор на нова Влада што подразбира и разрешување на поголем дел на досегашните министри. Лично сметам дека разрешувањето на секој министер треба да се заснова и аргументира со негово на пример неуспешно работење, со отстапување од програмските определби на Владата како колективно тело и извршна власт, со недоследно спроведување на Уставот и законите во вршењето на функцијата министер, со немањето креативност во креирањето на тековна- та и развојна политика во ресорното министерство, со непочитување на суверенитетот и други вредности на државата, со некооперативност спрема премиерот на Владата и редици други аргументи кои би требало да бидат земени како основа за нивно разрешување. Но вакви аргументи досега не слушнавме. Од сето тоа имаме само предлог за избор на нова Влада и заменици министри, кои

II/10.-

ако добро се погледне во списокот изгледа како резултат од еден облигационен купопродажен договор. За да ја добие поддршката од ПДП, премиерот понудил висока цена, сметам многу повисока од таа која јавно ја бараше ПДП. А за помалите партии нормално понудена е и помала цена. Сметам дека на ваков начин не може да се формира ефикасна и квалитетна Влада, која би оставила кај нас чувство на верба, особено кога во неа е извршен само прераспоред на некои министри кои беа очигледно неуспешни во ресорите што претходно ги водеа.

Од тие причини, изјавувам дека не можам да ја дадам поддршката за оваа Влада и нема да гласам за истата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, дозволете ми во интерес на новокреаната ситуација да направам уште еден обид и едновремено да го искажам моето убедување во врска со изборот на Владата на Републиката Македонија, а во исто време истам прилика да ги изнесам натрупаните проблеми што во моментот по - мислење го загрозуваат напредокот на оваа држава. За жал актуелната власт не презеде мерки да се надминат тешкотиите на оваа заедница, туку целта и е што повеќе и најмногу да има и да ствара власт, кој треба нормално понатаму и да владее.

**ЗЕКИР КАДРИУ:** (продолжение)

Со жалење морам да констатирам дека вака недефинирана извршната власт директно влијае врз демократските процеси кои, наместо да направат битни чекори напротив, заостануваат на место и го стопи- раат натамошниот напредок на системот и го .ставаат во дисконтинуитет и самиот политички систем што денеска му е можеби повеќе потребно од секогаш.

Имено, неконтролираната и незауздана бирократија е најголема опасност за демократијата, особено за овој нејзин дел кој е најзначаен, што се однесува на однесува на остварувањето на корпусот на човековите права и слободи. Доколку определени граѓани не можат или со тешкотии ги остваруваат своите со став гарантирани права и слободи, тогаш не може да се зборува за политички систем заснован врз демократските принципи затоа што стожер на тој систем е граѓанинот, заедно со корпусот за своите права и слободи.

Сум на мислење дека оваа Влада без оглед дали денешниот ден ќе го надмине без проблеми и ќе ги добие гласовите и довербата, не ќе може долготрајно да заживее бидејќи најверојатно ќе продолжи со ист тренд на политичкото владеење, но сега без либералите со кои ги доби гласовите на последните избори.

Почитувани пратеници, оваа, исто така, мислам дека важи како единствен аршин и за ПДП која не заслужува и верувам дека сите пратеници албанци ова го знаат, не го заслужува правото да ги претставува сите интереси на албанците во Република Македонија, оти има само половина од бројот на албанските пратеници во овој дом. А, да не кажам и за пет години, во кои беа излажани, дека чекор по чекор ќе бидат извршени, ќе бидат уствари разрешени проблемите, а колку тие проблеми се разрешени во правец на легализација на воспитното образование, високото образование, правото на употребата на јазикот

и употребата на знамињата, тие сами го знаат и тие работи се многу отворени и многу јасни. Особено е интересен моментот што е за истакнување и во овој став на Владата, а особено во вториот ешалон, како заменици министри се предлагаат кандидати кои на последните избори доживеаја пораст. Изгледа тука народната волја е споредна работа за оваа владеачка гарнитура, па имаме состојба каде народните губитници стануваат владини победници.

Оваа влада, па и две поранешни, за жал, во нивниот мандат не собрале сили да ги надминат проблемите во стабилизирање на стопанството и, наместо да отвораат нови патишта и нови перспективи, напротив створале стечајни работници и стечајни претпријатија и не верувам дека уште долго време ќе можат да ја надминат оваа сегашна криза. Конкретен случај е со 25-те загубари што предизвикуваат голем револт и кај граѓаните кои останале без работа и без перспектива.

Во прашање се тука само 10-мина министри кои само ги менуваат министерските места. Како оваа Македонија да нема други по способни луѓе од тие 50 0 доктори и магистри на науки што ги има. Верувам дека и за ова треба повеќе да размислуваат пратениците македонци кои во тој кружен ток се собрале.

Истите, на граѓаните на Република Македонија, целта ни е за некои министри, им нанеле големо незадоволство со нивната недвижност а на нас албанците особено. Како аргумент ќе ги наведам следните докази кои не сакам само да ја обвинувам Владата, туку конкретно да го искажам и своето мислење и мислење на некои покомпетентни органи што го дадоа. Но, најпрвин ќе ги наведам следните докази што се поврзуваат само за овие 14 месеци, колку што трае мандатот на оваа влада:

1. На ден 14 февруари 1995 година, токму оваа влада, токму од оваа влада беше дадена наредба за крвопролевањето во Мала Речица, кој беше настан и во тој настан беше убиен Абдулселам Емини.

III/3.-

Истиот ден беа притворени уште 20-тина граѓани албанци кои повеќе или помалку, само заради тоа што барале да учат и нормално да чекорат заедно со цивилизираниот свет, беа малтретирани по затворите скоро низ цела Македонија. Уште до ден денеска оваа Влада не дала образложение на тие граѓани кои биле малтретирани и истите истепани и зошто биле малтретирани и зошто биле истепани?Тоа сигурно го знае оваа Влада и сигурно има податоци и аргументи зошто.

Истиот ден, сведоци сме сите дека беа уапсени еден дел на професори, меѓу кои и ректорот на Универзитетот д-р Фадил Сулејмани на кои подоцна ќе им се изрече и казна од 2,5 години затвор, случај кој верувам дека беше преседант на преседаните.

Оваа Влада ги тепаше скоро сите граѓани на селото Радолиште од Струга, само заради тоа што барале средно училиште нивните деца да бидат школувани и со сите други исто така еманципирани.

Пред еден месец, исто така, сведоци сме дека се казнети лидерите на НДП заради употребата на националното знаме во седиштето на Партијата, без оглед што пред него било поставено и македонското знаме.

За оваа работа исто така се казнети и уште пет мина директори албанци на некои основни училишта во Тетовско. Значи, тука не се работи, тука не е прашањето дека не се почитуваат законите и одредбите, тука се покажуваат всушност цврстите заби на државата.

Дека оваа Влада била неспособна да се соочува со проблемите на граѓаните на Република Македонија покажуваат и извештаите од најодговорните и најкомпетентните луѓе за недостатоците и загрозените човекови права,што се:

1. секој од нас знае дека беше многу јак извештајот на специјалниот делегат на Бутрос Гали, г-дин Тадеуш Мазовјецки,

надлежен каде децидно се наведува дека во Република Македонија ниту малку не се почитуваат правата на немакедонците.

2. Извештајот на г-динот Бутрос Гали од пет точки, од 11.01.1996 година поставен на Советот за безбедност и ОН кој исто така децидно кажува дека ако не им се овозможи в-исоко образование во Република Македонија на албанците тоа никако не може да се третира како демократска држава.

3. Извештајот на Советот на адвокатите на Минесота кои исто така го дадоа своето мислење во овој правец.

4. Извештајот на американскиот Стејт Департмент од 7.02. 19 9 6 година каде и таму децидно се кажуваат некои работи во врска со нашите работи и функционирањето во Владата на Република Македонија.

5. Најновиот коментар на"РОЈТЕР" за кризата на Владата која потврдува дека во никој случај оваа Влада не заслужува да биде со онаков тренд на владеење и понатаму во власта.

Политиката што се води од оваа Влада, како препознатливи носители и имаа бившите перспективни кадри на СКМ, ПДП кои особено се докажуваат политички во годините од 1986, па до 1989 година како спроведувачи на борбата против наводниот албански национализам и сепаратизам. Одкадри од таква машинерија кои се диктирани и кои се индоктринирани со албанофобија друго и нема што да се очекува. За сите гореспоменати мислам дека е нужно и потребно за да се надмине оваа, треба да се прогласат, нови, предвремени избори од каде сите би можеле да излеземе од оваа криза што ја имаме.

Од сите, горе спомнати факти, јас би додал уште една алтернатива за трајно регулирање на проблемите, односно на меѓунационалните недоразбирања треба да направиме уште еден чекор што би бил добар за сите нас и би бил поволен.

Јас мислам дека најголемите популации, тука директно алудирам на македонската и албанска, е новиот договор кој треба да биде за регулирање на заедничките односи и за заеднички дом. И, тоа да биде по мерка на сите граѓани на оваа Република.

За крај би додал, ако ми дозволите, уште и ова, за г-дата пратеници од Либералната партија кои често тука спомнуваат имиња на двајца бивши функционери, јас почитувам еден дел од нив бидејќи се конструктивни во своите дискусии, меѓутоа со една работа директно не се согласувам. Не може да се обвинуваат двајца функционери кои ним не им одговараат. Ако сакаат да бидат јака експертска опозиција тие , не треба тоа како причина да го користат, туку треба да се осврнат и да даваат други аргументи што ги има многу и многу и колку сакаме.

Затоа, ако се тргнува од тоа, ако баш тие инсистираат против двајца функционери, против универзитетот во Тетово, јас мислам дека нема да станат од тоа јака опозиција и верувам дека сите тие кои инсистирале на таков начин, а најсвеж пример на бившите избори беа и ВМРО-овци кои, на таков начин и со такво однесување го најдоа своето место каде  и што се.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиеру, почитувани предложени министри за новата влада, дами и господо,

Многумина колеги од новоформираната коалиција, обидувајќи се настанатата ситуација да ја претстават како најнормална, често пати во овие два дена го спомнуваат примерот со Италија. Но, при таа споредба заборавија дека нивото на демократија помеѓу двете земји е тешко споредливо. Можеби при таа споредба пред себе треба да го имаат и

фактот  дека, доколку некој во Италија ја освои власта во изборна коалиција и после добивањето, од било кои причини, не навлегувајќи, ја растури а не распише нови вонредни избори, таа партија ќе ја снема од политичката сцена. Така е во Италија. Кога се прави споредба со Италија, треба да се каже и тоа дека не е мал бројот на министри, па и поранешни премиери во таа земја, против кои е покрената кривична пријава за злоупотреба на своите позиции. А, кај нас, можеби допрва тоа ќе следи.

И, уште нешто. Во Италија не постои патеник кој ќе рече дека ќе гласа за оваа влада или за онаа, за било која, а после 30-дена од изборот на таа влада ќе побара програма. Исто така, не постои ниту пратеник кој ќе рече дека резултатите на Владата се минимални, а сепак ќе гласа за таа влада. Тие пратеници на едни следни избори таму би имале гласови помалку од еден.

Во сите демократски земји влада се предлага со програма во која точно ќе се наведат основните цели и ќе се конкретизираат низ параметри и временски ќе се детерминираат. Таа програма е на постојана проверка и изложена пред јавноста. Но, да ја оставиме Италија. Можеби сме прилично далеку од неа.

Со денешниов предлог за избор на нова влада, по мое убедување престанува да постои Сојузот за Македонија како политичка групација, изборна коалиција која на последните парламентарни избори во 199 4 година доби огромна поддршка кај гласачите во Македонија. Имајќи ги предвид основните начела и принципи на демократијата и ценејќи ги правилата на одговорност и отчетност, не смееме да си дозволиме сите оние кои гласале за кандидатите на Сојузот да не им ги кажеме и да не ги дознаат причините за распадот на Сојузот за Македонија. Сметам, барем според мене, дека е тоа наша обврска на сите оние кои бевме избрани од Сојузот за Македонија.

III/7.-

На последните избори, сите ние избрани пратеници од Сојузот за Македонија настапивме како кандидати на три политички партии: СДС; Либерална Партија, Социјалистичка Партија. Обединети во коалиција, на чие чело беше г-динот Киро Глигоров. Овде, според мене има само дваица пратеници од Социјалдемократскиот сојуз и Либералната партија на кои што на гласачкото ливче не им стоеше трите партии. И во пријавата што ја имавме за кандидирање беа потписите на трите партии. Сметам дека, барем сега, во овој момент треба тоа да го кажеме достоинствено.

Идентификацијата на сите нас, барем според мене, пред гласачите беше токму г-динот Глигоров и секој чекор за растурање на Сојузот води и кон нарушување на авторитетот на претседателот Глигоров. А, преку тоа и на политиката што ја афирмира Република Македонија на Балканот и пошироко. А, јас сметам дека јас и моите колеги од ЛП не го правиме тој чекор. Јас и понатаму ќе останат доследен не само на онаа што им го ветив на гласачите, туку ќе настојувам колку што можам тоа да го остварам.

Во овој момент сметам дека секој оној кој гласал за нас пратеници од Сојузот за Македонија се чувствува изневерен. Изневерен од причини што тој гласал за одредена изборна програма, во овој случај Платформа на Сојузот за Македонија, а не за поедини кандидати. Само да ве потсетам, со изборната платформа поставивме три цели:

- избор на претседател на Република Македонија на кого ќе му веруваат граѓаните,
- избор на ефикасен парламент и
- стабилна и одговорна Влада.

Анализирајќи ги постојните состојби, постоечката ситуација во реализацијата на изборната платформа на Сојузот за Македонија, сметам дека се остварени само две од три ветени цели во платформата,

а тоа е претседател на Република Македонија на кого верува најголемиот дел од Македонија и ефикасен парламент.

Сметам дека досега не успеавме да ја оствариме и третата ветена цел за одговорна Влада. Ова го сметам бидејќи не можеме да зборуваме за одговорна влада без анализа на нејзиното досегашно работеше и без отчет што е направено, а што не е. Занемарувањето на институтот отчетност на извршната власт од страна на одредени партии во Сојузот за Македонија едновремено значи и занемарување на еден од основните постулати на развојот на демократските процеси во РМ.

Доколку, некој претендира на ексклузивно право на остварување на изборната платформа на Сојузот за Македонија без притоа да ја менува нејзината суштина неопходно е да каже дали ќе ја остварува целта за одговорна влада на некој друг, за сега, не познат демократски начин?

Оттука, произлегува и "апсурдноста на предлогот", за реконструкции односно нова влада без анализа на досегашното работење. На нас пратениците, а и на јавноста мора точно да ни се каже што работела досегашната влада, врз основа на кои критериуми се менуваат постојните министри, кои конкретни програмски определби и задачи сменетите министри не ги реализирале, врз кои основи ќе се составува новата влада и што всушност таа ќе треба да оствари во иднина за решавање на секојдневните проблеми на граѓаните на РМ. Ако не одговориме на овие прашања можеме повторно да се најдеме во ситуација само да гласаме за Влади а без можност аргументирано да одлучуваме.

Сметам, барем според мене, дека Република Македонија одамна ја мина фазата во која апстрактните заложби за демократија, пазарна економија, правна држава и сл. претставуваат нешто што мора да се реализира преку одредени конкретни програмски задачи и цели и чие реално отсуство повеќе не може и не смееме да го оправдуваме со излитената фраза "период на транзиција".

III/9.-

Почитувани пратеници, ние како членови на законодавниот дом на сегашната Влада и овозможивме широка политичка поддршка. Тоа може да се констатира од поддршката и изгласување на скоро сите законски проекти предложени од Владата, со исклучок на три законски проекти што беа предложени од Владата, а ги застапуваше министерот Ристо Ива- нов.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (Продолжение)

Можеби случајно, но сега тешко во тоа сум убеден и сите три проекти ги застапување министер во Либералната партија, а пратениците од СДСМ не ги изгласаа. Вчера овде беше изнесено дека ЛП не изгласала многу законски проекти што ги предложила Владата. Јас ве молам, во интерес на вистината нека се каже точно кои се тие законски проекти. Напротив, кога беше предложен законот за ПИО, кога сметавме дека пензионерите ќе се донесат во една тешка состојба, кога не сакавме како пратеничка група да го поддржиме тој предлог беше побарана пауза и ни беше речено доколку не е изгласа овој закон, доколку либералите гласаат против, Сојузот ќе се растури. Поаѓајќи од таа цел и тогаш го поддржавме и тој законски проект.

Често пати се обидувавме како пратеници со предлагање на голем број амандмани да придонесеме за квалитетно подобрување на одредени законски предлози. Многупати на тие наши предлози се гледаше како на недоверба на Владата, иако голем број од тие амандмани не беа усвојувани, сепак гласавме за предложените законски решенија, се со цел на Владата да и се создадат непречени услови за работа имајќи го во предвид големото чувство на одговорност и уверувањето дека се работи за остварување на Платформата на Сојузот за Македонија.

Со ова не сакам да одбегнам да разговараме за нашата одговорност. Наспротив, сакам да истакнам дека е потребно да расправаме за одговорноста и аргументирано да ја лоцираме одговорноста на секој поединец овде, а тоа да го постигнеме, барем според мене е неопходно да се направи толку бараната анализа за

работата која ќе преставува појдовна основа за лоцирање на проблемите, а со тоа и одговорноста на извршителите. Бидејќи сметам дека не постои политичка одговорност и политички одговорна Влада и Парламент и се без политичка одговорноста на секој поединец.

Не може како пратеници да сносиме и да прифатиме одговорност за многу работи, јас барем, а сметам дека ќе прифатите и вие останатите колеги пратеници дека не можеме да ја прифатиме одговорноста на празниот Буџет, за водената фискална политика што го разорува стопанското ткиво на нашата економија, за нереално високото учество на јавната потрошувачка во општествениот производ, за задржување на старите принципи на инвестираше, пред се државен буџет и странски кредити како главни и речиси единствени извори на инвестициони средства во државата. Не можеме подеднакво сите да одговараме за падот на стандардот на вработените, за големиот број невработени, за големиот одлив на капиталот, заради каматната политика, како и за не придржувањето кон определбата за не зголемување на зафаќањата на стопанските субјекти. Јас не можам подеднакво да ја прифатам одговорноста со сите за се поголемата појава на криминалот, за насилството кое се јавува во нашата држава, се поголемиот број зависници на дрога и сл. Затоа сметам дека бараната анализа ќе дадеше одговор на многу од овие прашања.

Често деновиве, барем во овие изминати два дена, ЛП беше обвинувана за не соработка односно некооперативност. Не знам кои беа причините, но би го спомнал како добар пример кој координаторот на пратеничката група на ЛП и овде на оваа говорница го изнесе придонесувањето на Законот за просторно планирање. Координаторот на ЛП тогаш јавно овде истакна како треба да се соработува помеѓу

министрите и пратеничките групи. Тој пример на соработка покажа како можеше уште од почеток да се надминат одредени недоразбирања и квалификации. Јас ометам барем, нашата пратеничка група секогаш беше спрема за разговори и соработка, но само со поединци, кај поедини министри тоа беше прифатено.

Би кажал и неколку зборови за прашања за кои сметам дека во овој период неколку години наназад се избегнува да се разговара, а тоа е подеднаквиот регионален развој на нашата држава. Отсуството на една ваква стратегија доведе до целосно запоставување на поодделни региони за сметка на фаворизираноста на други. Можеби некои веднаш ќе ми приговори за некои локал патриотизам, но не можам а да не ка»; за општината од која што доаѓам, за односот кон Битола.

Поаѓајќи од изместеноста на одлучувањето секој министер си прилагодуваше стратегија кон својот крај, па во таа ситуација општините кој ка кадровски не беа застапени во извршната власт заостануваа во својот развој. Битола од град со долгогодишна традиција, со универзитет, со огромен број на интелектуалци кога се однесува на кадровската политика во државава турната е на маргините. Јас можам да речам дека прстите од една рака се многу за да во овој момент се набројат луѓе кои се на раководни функции во државава, а живеат во Битола. И, сега, во новопредложената листа на министри и заменици и заменици на министри има само еден кој живее во Битола, а Битола има 9 пратеници, повеќе и од двете партии кои се коалициони партнери на оваа Влада, а кои добија 7 министри и 7 заменици на министрите, а некои партии можеби и повеќе од бројот ан пратеници. Се повеќе се уверувам дека Битола намерно се  маргинализира како потврда на тоа е фактот што

коридорот исток - запад, мислам на патниот правец прекутно ја заобиколи Битола. Пред изборите од највисоките претставници на извршната власт, нас, тогашните кандидати за пратеници на Сојузот за Македонија ни беше ветено да го актуализираме дека забрзано ќе се гради патниот правец Титов Велес - Прилеп, дури беше поставен и камен темелник и дека ќе биде изграден до 1998 година. Тоа ние 9-те кандидати на Сојузот за Македонија им го ветиме на граѓаните во Битола. Но, работите запреа на самиот почеток. Најверојатно пред општинските избори ќе се актуализира овој патен правец, а можеби и неколку машини ќе започнат со работа и тоа ќе трае еден до два месеци.

Но, сепак, на Битола и е оставено нешто, а тоа е да ги работи најтешките работи, производство на електрична енергија, да работи во рудник и да произведува земјоделски култури кои се најниско профитабилни, а кајмакот од тоа да останува за други. Од овие причини и ред други причини политичките партии во Битола беа принудени на општинско ниво на стапат во коалиција која се уште трае, а во која се Либерална партија, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и досега успешно функционира таа коалиција.

Почитувани пратеници, во својата дискусија немав намера никого неодговорно да етикетирам, туку напротив сакава само да потсетам на дел од ветувањата што им ги дадовме на нашите гласачи, да потсетам на принципите за кои се залагавме, сакав уште еднаш да ги потенцирам и целите на Платформата на Сојузот за Македонија и да укажеме дека тие цели не се докрај реализирани.

IV/5

Тие цели тешко се остваруваат со луѓе од Владата кои беа од самиот почеток во Сојузот, а сега кога во извршната власт т.е. во Владата ќе има само неколкумина кои беа од почетокот на таа Платформа убеден сум дека судбината на таа Платформа ќе биде доведена во прашање.

На ова мислење уште повеќе ме тера и фактот што во таа Влада како заменици министри ќе седат и поединци чии сон е остварување на идеи противни од Платформата на Сојузот за Македонија. Затоа, да не се бире во илузија дека и после ова Сојузот за Македонија постои, затоа во потполност се согласувам со констатацијата дека одговорноста за состојбата ќе ја сноси секој кој ја растура оваа политичка групација. А, јас и моите колеги од ЛП тоа не го правиме.

Благодарам.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Колеги г ми велата, дај нешто за спортот, кажи. Јас би бил среќен за спортот да кажам во овој момент.

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани нови министри, дами и господа пратеници. Свесен сум дека со својата дискусија нема да го променам текот на режираното финале на оваа маратонска седница. Од многубројните дискусии што со големо внимание ги слушав претходните 2 дена дојдов до едно многу значајно богато сознание за она што не очекува во иднината на работата на Парламентот, а тоа е следното: ако некој сака да заработи или заслужи аплауз во Парламентот ќе треба само да ја напаѓа Ј1П, а при тоа да му се додворува на премиерот.

IV/5

Слушнавме секакви квалификации за карактерот на оваа седница, дури и тоа дека е таа историска. Можеби е историска, но јас моинаку ја гледам историската димензија на оваа седница, ја гледам во ординарната нејзина измама досега невидена во нашава млада парламентарна демократија. Се чувствувам, пред се, лично измамен заради фактот што во овој Парламент дојдов како кандидат на Сојузот за Македонија, како впрочем и останатите 89 од вкупно 91 пратеник членови на Сојузот за Македонија. Платформата на Сојузот за Македонија впрочем мошне успешно ја презентираше претседателот на РМ, г-дин Киро Глигоров, без чија помош длабоко сум уверен многу малку од нас ќе беа во овој состав на Парламентот. Избирачите во голем број го прифатија апелот на г-динот Глигоров и не го оставија сам туку со своите гласови допринесоа да се извојува значајна изборна победа. Зар со овој чин што сега се случува не ги измамивме нашите избирачи. Сигурно е дека ги измамивме, што се потврдува и со огромното незадоволство што се манифестира од големиот број симпатизери за Сојузот на Македонија кои едноставно се збунети.

Јас лично многу искрено и со големо задоволство го прифатив г-динот Киро Глигоров како најголема инвестиција на македонскиот народ и сите нејзини граѓани, не како ваша инвестиција, како што често сакавте да го искажувате, но за разлика од вас јас сега не го напуштам. Зборувајќи го ова јас ризикувам да бидам еден од оние на кои премиерот во своето експозе им се обраќа со молба да не го бранат претседателот Глигоров од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, меѓутоа јас мислам дека во овој момент навистина е многу важно што поголем број граѓани да застанат и да го поддржат да си ја задржи својата самостојна

позиција. Претседателот Глигоров јавно кажа дека ако еден од учесниците во Сојузот, во случајот ЛП бидат исклучени тогаш тој и понатаму останува на изборната Платформа на Сојузот за Македонија, а тоа значи дека не стои зад новокомпонираната платформа што произлегува од новиот политички сојуз што сега се прави. Според тоа, не станува збор дека ЛП ќе го брани претседателот Киро Глигоров од СДСМ и ако е потребно да му се уважи неговиот јасно искажам став дека тој не го прифаќа новокомпонираниот политички сојуз, дека тоа не е Сојузот за Македонија, зошто тој веќе не постои.

Имајќи го сето ова во предвид, размислувам за моралните проблеми со кои се среќаваат моите уважени колеги, пратеници од пратеничките групи СДСМ и Социјалистичката партија, проблеми од кои сум јас, фала му на господ, ослободен, бидејќи не морам да црвенеам пред своите избирачи. Се уште во свежо сеќавање ми е ТВ - дуелот што го имавме во текот на предизборната кампања на А-1 телевизија, од една страна јас како кандидат на Сојузот за Македонија од изборната единица 104 и мојот драга пријател и ценет колега исто така кандидат на Сојузот за Македонија од изборната единица 103 со нашите политичките противници кандидати на ДП во нашите изборни единици. Морам да признаам дека двајцата доследно се државме и ја бранеевме Платформата на Сојузот за Македонија. И, чинам иако не е лесно тоа успешно го направивме. И, сега, со растурањето на Сојузот за Македонија мојот драг и мојот почитуван колега како и сите досегашни колеги, членови на Сојузот ме оставаат сам, поточно ме бркаат од Сојузот како да ми велат (реакции на пратениците во салата)

IV/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете вие само, кој сака ќе зборува од говорница.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Извини колега, ама од денес не си ни веќе партиски пријател, ние си најдовме нови партиски пријатели, нови истомисленици, што ќе ни фали со г-динот Мерсим Положани д направиме посериозна и појава Македонија. Сето тоа во духот на онаа народната смени чекор смени лаф, смени чекор - смени став, смени чекор - смени парти пријател. Е па, нека биде така.

Но, почитувани досегашни мои колеги од Сојузот за Македонија ве уверувам дека нема да ми биде тешко да одам пред моите 5.800 избирачи, симпатизери и на ЛП и на СДСМ и на Социјалистичката партија и да ми објаснам кој го разбива Сојузот за кои што тие гласаа и да им го дадам моето уверување дека и понатаму останувам на Платформата што тогаш ја бранев, а тие ја прифатија.

На крајот, за да нема некое недоразбирање, немам ништо против и воопшто не ми пречи што моите колеги, кандидати од Сојузот за 180 степени го изменија своето политичко мислење, но чинам дека е чесно сите пратеници на Сојузот да си поднесеме оставки и да се заложиме за нови парламентарни избори, а пред избирачите уште еднаш да излеземе со Платформите на своите партии, а тогаш ќе видиме навистина кој добива, а кој губи.

Благодарам на вниманието.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, имајќи ги предвид потешкотиите со кои се среќава нашава држава во обезбедувањето на странски кредити и од 20-тина милиони германски марки, а од друга страна имајќи во предвид исто така дека секоја година во Буџетот предвидуваме и се трошат и над 150 милиони германски марки за набавки во државата, би сакала да се осврнам токму на проблемот на начинот на трошењето на тие средства околу кои очигледно имаме спротивни гледишта со премиерот.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:** (продолжение)

Морам веднаш на почетокот да кажам дека овој многу важен сегмент остана во целосна тајност не само за ова Собрание, туку и за пошироката јавност. Извршувањето на набавките односно на јавните набавки иако се врши од буџетски средства сепак остана монопол на поединци во власта. Веднаш би сакала да ја истакнам важноста на овој сегмент за вкупните текови на државата, а особено како една од клучните алки во изградбата на пазарното стопанство. Со вршењето на набавките државата станува директен учесник на пазарот и нејзиното однесување во голема мерка има влијание на вкупните економски текови. Доколку самата држава во нејзините набавки не ги почитува основните принципи на пазарното стопанисување, а тоа е пред се обезбедување на функционирањето на слободната конкуренција таа ги нарушува односите и ширум ги отвора вратите за злоупотреба на истите за лични цели и за ширење на корупција.

Друг многу важен елемент за да се разбере важноста на начинот на кој се вршат набавките е обемот на средствата кои се користат. Во секоја земја, па и кај нас за државните набавки се трошат огромни средства со што битно се влијае на стопанските текови на пазарот. Одамна во земјите со пазарно стопанство ја сфатиле важноста од прецизно регулирање на оваа материја за да се избегнат сите негативни појави кои оставаат трајни последици врз развојот на стопанството. Регулативните во тие држави обезбедуваат пред се, целосна јавност на набавките т.е. целосно информирање на фирмите за намерите на државата да изврши одредена набавка. Со тоа се обезбедува рамноправност на учесниците на пазарот и се одбегнуваат можностите само одредени фирми да бидат партнери на државата.

V/2.-

Втор клучен принцип е обезбедување на постапка со која за одредена набавка ќе биде избрана онаа фирма која ги понудила најповолните услови т.е. најниска цена, најдобар квалитет итн.

Трет основен принцип на набавките во земјите со пазарно стопанство е обезбедување на целосна контрола која треба да покаже дали се изпочитувани двата цитирани принципи. За злоупотребите на државните пари во тие земни се предвидуваат ригорозни казни кои не можат д аги заобиколат и највисоките функционери, впрочем признати се примерите во последните години на највисоки функционери во западните држави кои одговарале пред правдата за злоупотреба во јавните набавки.

Многу лесно преку цитираните основни принципи може да се насети што е целта на воспоставување на правилата на игра во јавните набавки т.е. пред се стимулирање на претприемачкиот дух со обезбедување на здрава конкуренција преку која успехот се постигнува единствено со ефикасно и рентабилно работење, а не создавање услови шансата за успех субјектите единствено да ја гледаат преку манипулации и злоупотреби во соработка со функционерот што одлучува. За жал, морам да констатира,м дека во изминатиот период кај нас постои целосно непочитување на принципите на јавност, транспарентност и контрола на јавните набавки целосно во суштина непочитување на еден од основните принципи дека даночниот обврзник треба да плаќа даноци, но исто така тој има целосно право да знае како државата ги троши неговите средства.

Само да напоменам од минатогодишниот буџет за јавни набавки беа потрошени над 170 милиони ДМ за кои до денешен ден не е поднесен извештај до овој Парламент, па дури ни Владата не е информирана за ситото. Најголемиот дел од овие средства е потрошен

во само неколку министерства МВР, Одбрана и финансии каде одлуките ги носат ресорните министерства во соработка со премиерот и никој друг во Државата не е во можност да добие преглед што е набавено, колку е потрошено и од кого истото е набавено.

Исто така, сакам да го истакнам фактот дека без истакнување на причините минатата година беше сменет директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ што јасно упатува дека се врши уште поголемо замаглување на работите околу јавните набавки. Напоменувам исто така дека непочитувањето на пазарните принципи нанесува голема штета на угледот на државата кај странските партнери кои однапред се обесхрабруваат да се вклучат на пазарот во РМ.

На крајот би сакал ада го прашам премиерот зошто толку се чека за целосно законско уредување на јавните набавки со оглед дека се веќе нанесени крајни штети од колебањето на странските кредитори да понудат финансиски средства во државата во која слободната конкуренција се нарушува и постои отворена опасност тие средства да се злоупотребат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ључо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, Со мојата дискусија ќе се осврнам на некои аспекти од политиката на Владата од економско финансискиот сектор, фискалниот сектор, политика во социјалната сфера со што ќе дадам еден скромен придонес во заокружувањето на анализата за работењето на Владата која токму таа требаше да ја даде,а ние овде како пратеници со нашите дискусии и оние со позитивна и оние

со негативна конотација се обидовме во тој поглед нешто да направиме.

Во изминатите 14 месеци од премиерот и од одделни членови на неговиот кабинет честопати се»даваа изјави дека во остварувањето на економската политика се остваруваат подобри резултати од очекуваните. Таквите изјави би ги нарекол еднострано и сегментарно гледање на работите без да се извлече целосна глобална оценка за состојбите во македонската економија. Ако соборувањето на инфлацијата го прифатиме како позитивен ефект што е несомнено мора веднаш да кажам дека га не е резултат на мерките што ги преземаше Владата, туку тоа ефекти од рестриктивната монетарна политика на Народната банка на Мг онија. Се разбира тоа е постигнато со катастрофални резултати реалниот сектор особено на индустриското производство само заради тоа што Владата не предложи мерки за противтежа на економијата Оттука морам да ја истакнам оценката на бизнисмените дека стопанството сега се наоѓа во најтешка економско финансиска состојба од кога и да било до сега дури и фирмите од извозниот сектор кои требаше да го понесат идниот развој сега се застанати пред една богата бездна со тенденција да се втурнат во неа и целосно да пропаднат. Извозното стопанство го понесе дами и господа најголемиот товар на стабилизација. Имено, курсот на денарот спрема германската марка е непроменет веќе две години, а спрема американскиот долар дури апрецираше за најмалку 10%. Тоа значи дека македонскиот денар во овој период бил постабилен од американскиот долар и тоа во услови кога нашата домашна инфлација во 1994 година изнесуваше над 55% а во 1995 година над 9% или за двете години заедно цели 70% за разлика од инфлацијата во САД која во ист тој период се движеше околу 2,5% до 3%.

V/5.-

Според тоа, доколку курсот на денарот само ја следеше инфлацијата денеска една ДМ требаше да изнесува близу 46 денари а еден американски долар преку 65 денари. Разликата меѓу инфлацијата во Македонија од една страна и курсот на американскиот долар и американката инфлација од друга страна не е ништо друго, туку одлевање на национален доход од извозното македонско стопанство и концепциски несинхронизирана и секторски невоедначена економска политика. Ова исто така укажува дека додека американската Влада знае кристално чисто што сака, нашата Влада тоа не само што нема концепција, туку и не знае. Заради комплетното изостанување на мерки економската политика и потпирање само на монетарни мерки на Народната банка на Македонија опаѓањето на општествениот производ се уште не е сопрено, а падот на индустриското производство како да е заледен на границата помеѓу 11 и 14%. Голем број индустриски капацитети главно од големите системи престанаа со производство, а некои веќе се распаднаа. Работниците останаа и без работа и без плата и сега чукаат на вратите на Заводот за вработување. Владата не обезбеди доволно буџетски средства да ги покрие надоместоците на невработените. Доцнењето во исплататата на надоместоците од еден месец во почетокот на 1994 година сега изнесува повеќе од три месеци со тенденција на натамошно зголемување. Тоа е неизбежен резултат на ориентацијата на Владата единствено со социјални програми да реагира како дополнување на монетарната политика. Таа еднostраност на Владината политика во крајна линија доведува нужно до финансиска неспособност да се остваруваат и тие замислени социјални програми.

V/6.-

Кога сум кај нереалниот курс на денарот ќе укажам и на проблемот што тој го прави во доларското пресметување на општествениот производ. Имено, во 1994 "и 1995 година доларската вредност на општествениот производ фиктивно е зголемена во услови кога тој денарски бележи реално намалување. Така општествениот производ во 1995 година искажан во тековен доларски курс изнесува 2.100 долари по жител, а ако курсот се коригираше само со инфлацијата во 1994 и 1995 година тој ќе изнесуваше само 1.200 долари по жител. Народната банкка на Македонија со свои мерки го стабилизираше девизниот курс на денарот, а Владата со својата политика ја сруши политиката на Народната банка на Македонија и сега формално задржува девизен курс на денарот кој е нереален за над 70%.

Дами и господа, пред меѓународните фактори има лоби и се проширени гласини дека божемски либералите не сакаат стабилен курс денарот и дека бараат печатење на пари. Најдоговорно во име на Либералната партија таквите гласини ги негирам и објавувам дека се пуштени само да и наштетат на нашата партија пред граѓаните и меѓународната јавност. Либералната партија во целост поддржува политика на стабилен, но реален курс на денарот, а тоа е само еден од елементите на макроекономската политика. За стабилизирање на економските состојби во земјата беа неопходни ефикасни мерки во другите сектори на макроекономската политика како што се фискалната, индустриската, аграрната и другите сектори. Во отсуство на политика во овие сектори стопанството се уште е во зона на негативни ставки.

Сакам да изнесам уште два аспекти сврзани со политиката на девизниот курс на денарот.

Прво, во остварувањето на политиката на девизниот курс имаше тешки судири меѓу гувернерот на Народната банка на Македонија и

досегашниот министер за финансии кој бараше гувернерот да биде сменет од таа функција оттаму произлегуваат оцените дека гувернерот е предложен од страна на Претседателот на Републиката без за тоа да знае Владата.

Второ, Владата треба еднаш за секогаш да се определи и изјасни дали со целокупната макроекономска политика ќе ги негува и другите економски политики особено политиката на девизен, но реален курс на денарот или пак ќе го стави извозното стопанство во длабока бездна и ќе го пушти во пропаст. Досегашната политика на девизниот курс од македонското стопанство направи инвалид, а голем број работници станаа зависни од социјалните потреби наместо поттикнување на производството и развојот се создаде армија социјални работници зависни од Буџетот и послушни пред Владата. Токму тука дами и господа, е крупната и квалитативната разлика во концептот на Либералната партија во однос на СДСМ.

Што се однесува до печатењето на пари ставот на Либераланта партија е јасен и тој став нашите министри јасно го изкажаа во Владата и пред јавноста. Ние никогаш не сме заговарале да печатиме пари без покритие со производство и услуги. Напротив, ние укажуваме и сега јасно кажуваме дека во земјата има и се печатат повеќе пари отколку е нивото и номиналниот пораст на општествениот производ. Вишокот на пари ја поттикнува сивата економија и плаќањето во готово или кеш како што велиме, а стабилноста на монетарен план се постигнуваше со нереалниот и преценет девизен курс на денарот. Впрочем не може да се сокрие од јавноста дека кеш парите само што се под контрола на Народната банка на Македонија учествуваат со околу 1/2 во паричната маса, но надвор од денарските трансакции во сивиот промет има уште многу девизи кеш пари со што вкупната  парична маса во земјата е многу

поголема и надвор од потребната контрола. Заради намалување на кеш парите во прометот министрите либерали бараа во Владата да се „воведе данок на кеш, но и тоа не беше прифатено. Со ваквиот однос кон курсот на денарот Владата прави две крупни грешки.

Прво, ги осиромашува извозните фирми и

Второ, фикцинто ја прави државата и граѓаните на Македонија побогати од тоа што фактички се.

Либералната партија дами и господа програмски трајно е определена за пазарно стопанство и отворена економија без интервенции на Владата. Но, ние не можеме да прифатиме политика на уништување  на извозните фирми со преценет курс на денарот. Та не го прифаќаат  ни стопанствениците кои партиски му припаѓаат на СДСМ и на другите политички партии. Но, оваа политика ја прифаќаат увозниците кои купените стоки во странство ги плаќаат според званичниот курс а ги продаваат во земјата по домашни цени. Значи, двојно поттикнување на увозот.

Затоа дами и господа, дефицитот во трговскиот биланс во земјата постојано се зголемува и изнесува околу 400 милиони денари.

Тенденција која не само што негативно се одразува врз тековните економски состојби, туку уште повеќе што ќе има крупни да не речеме катастрофални последици за идниот развој на земјата и за идните генерации.

Дами и господа, ќе изнесам уште едно подрачје каде се присутни крупни негативни ефекти, а кои неповолно се одразуваат врз економскиот и социјалниот сектор на земјата. Не треба многу да елаборирам за да погодите кој е тој сектор се разбира фискалниот кој беше раководен од г-динот Јане Миљовски. Овој министер заборави

дека неговата основна задача во Владата е да го полни државниот буџет и да ги урамнотежува социјалните фондови. Напротив, тој ја испушти од својата контрола наплатата на даноците, царините и придонесите и со тоа му направи најголеми финансиски штети на Буџетот и се разбира на вработените во Управата кои не можејќи да опстанат со мизерните плати почнаа да посегнуваат по еден друг бизнис што се нарекува мито и корупција.

Во изминатите две до три години дами и господа во земјата владее финансиска недисциплина која се граничи со хаотична состојба. Најголем дел од прометот во трговијата, но и во другите дејности што ги покрива не се извршуваат меѓусебните должничко - доверителски односи особено не преку институцијата на платниот промет. Значаен дел од плаќањата се вршат кеш на што укажува големиот обем и се поголемото учество на готови пари во паричната маса. Оттука готовите пари ја поттикнуваат продажбата во готово и плаќањата надвор од Заводот за платен промет, ја зголемуваат евазијата на даноците и придонесите, ја намалуваат брзината на оптекот на парите, ги зголемуваат трошоците за издавање на пари, ја влошуваат ликвидноста на банките, а создаваат простор за нелегален трансфер на капиталот од претпријатијата на приватни сметки.

Но, да се вратам на фискалниот сектор и да прашам каде отидоа приходите од акцизите и од царините и увозните давачки? Да потсетам дека откако тој стана министер за финансии на два пати беа зголемени цените на акцизите на нафтените деривати и тоа прво за 3 денари по литар, а потоа за 2 денари. Само по тој основ требаше да се остварат зголемени приходи во Буџетот на РМ за 1995 година за околу 1,5 милијарди денари или 55 милиони ДМ во однос на 1994 година.

VI/1 ДВ/СЛ

**ЉУПЧО МЕШКОВ:(**продолжение)

Наспроти ова остварените акцизи во 1995 година дури се и помалку од тие во 1994 година за околу 40-тина милиони денари.

Исто така, од средината на 1994 година се намалени царинските ослободувања и олеснувања, кои продолжија и во 1995 година, со што фактички се оптовари стопанството да плаќа царини за поголем број на стоки. Се зголемија и некои увозни давачки во услови кога и увозот на стоки номинално е зголемен над 10%, во Буџетот за 1995 година требаше да се остварат приходи од царини во износ од 8,4 милијарди денари. Но, и тука се оствариja помалку приходи за околу 1 милијарда денари.

Голем број на колеги пратеници бизнисмени кажуваат дека во Царинската управа има фиктивна листа на производи под царински надзор, а фактички стоките се подигнати од царинските складови. Значи и по овој основ се поттикнуваат увозните фирми, а осиромашува државата.

Во социјалните фондови проблемите се продлабочија во 1995 година. Во пензискиот фонд продолжи создавањето на тековни дефицити, а држењето на доцнењето во исплатата на пензиите за два месеци, се прави со позајмување на банкарски средства со што се создаваат нови неволји со отплаќањето на каматите.

Наспроти залагањето на премиерот за стабилизирање на дефицитот во пензискиот фонд, според Либералната партија треба да бидат залагањата за елиминирање на тековниот дефицит, а потоа и за елиминирање на дефицитот во претходниот период. Затоа укажувањето на премиерот во експозето дека на Владата и претстојат напори за

намалување на дефицитот во пензискиот фонд, нема да ги оправда очекувањата на пензионерите за брзо и ефикасно решавање на овој проблем.

Во Заводот за вработување дефицитот достигна близу 600 милиони денари, а доцнењето над 3 месеци, токму кај најсиромашниот слој на населението во земјата.

За жал во 1995 година регистрирани се дефицити во Фондот за здравство, при што надоместоците за боледувања не се исплатени за 3 и повеќе месеци.

Гледањето дека спасот на пензискиот фонд треба да се бара исклучиво во рестриктивното нормирање на законските права доведе до масовно остварување на мизерно ниски пензии кои не обезбедуваат ниту минимум материјална и социјална сигурност на нивните корисници.

Во оваа пригода треба да им се каже на пензионерите дека тешко може да се исплати барем уште една од задоцнетите пензии кои ги ветуваше г-динот премиер при секоја средба со нивните претставници, бидејќи голем број на претпријатија не плаќаат придонеси и листите ги плаќаат на најниска основица, а вам и нам и на сите тие претпријатија добро ни се познати.

На крај не можам да отидам од оваа говорница, а да не ги потсетам колегите пратеници дека со ребалансот на Буџетот за 1995 година, најголеми рестрикции беа предложени во министерствата кои беа раководени од министрите либерали. Имено, намалувањето на приходите во Министерството за надворешни работи и во Министерството за земјоделие изнесуваа над 30%, а во Министерството за одбрана и за внатрешни работи , со кои раководеа министри од СДС, рестрикциите беа само за 5-6%.

Дали со таа политика се сакаше министрите од Либералната партија да бидат омаловажени и направени понеспособни во однос на другите министри. Верувам одговорот го знае премиерот, како што и само тој го знае и одговорот зошто го растури Сојузот за Македонија.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван претседателе Владата, почитувани министри и почитувани колеги пратеници, вжештената атмосфера започната уште со најавата на премиерот за можна реконструкција на Владата, која во начело беше прифатена од сите, продолжи последниве недели со соопштенијата на партиите, апелот на претседателот на државата, г-дин Киро Глигоров, а својата кулминација ја достигна последниве три дена, а по мене не потребно и нерационално растегнати, бидејќи епилогот е сосема јасен и можен. Можеше да се заштеди и време и пари и нерви, а неизвесноста кај граѓаните кои се вџашени и вчудоневидени, на време и успешно ќе беше разрешена, бидејќи се работи за партиска работа на секој па и на овој Парламент.

Немав намера да се јавам за дискусија, бидејќи во целост го поддржувам ставот на Пратеничката група на Социјалистичката партија, изнесен од пратениците на оваа говорница. И моето лично мислење е јасно, така што предложената реконструкција на Владата ја сметам за потребна, па дури и задоцнета од причините јасно изнесени во експозето на премиерот, г-динот Бранко Црвенковски, кој смогна сили и храброст и одлучност да ја прекине едногодишната агонија и предложи политичка и одговорна Влада.

Повеќе се јавив да констатирам од професионален аспект и од многуте забелешки на граѓаните во текот на седницата што изгледаше како однапред режирана претстава. На секој жесток напад од страна на пратеник од една партија која .во целост ја изразуваше личноста на говорникот, збор добиваше пратеник од спротивната партија и се тоа се повторува веќе три дена.

Сцената со настапот на еден пратеник која на изглед беше комична, за мене беше жална, бидејќи тоа беше исмејување на Парламентот, Владата, претседателот на државата, Уставот и целиот систем, со негација на се досега постигнатото, прогласување за мртви Парламент и Влада, барање оставка од претседателот на државата и формирање на некаков совет за национален спас. Таквиот негаторски и понижувачки пристап каде за се, се употребуваше зборот"таканаречен" предизвика голем револт кај граѓаните, посебно Македонците, чија држава и сето нејзино обележје како и целата нејзина историја се негира.

Ако г-динот пратеник е среќен што нема претставник од неговата партија во , за него, "мртвата влада", треба добро да се замисли во која држава живее и ги остварува сите права, па дури дозволува да се поигра и со Република Македонија.

Да не би се случувале во иднина такви нездрави работи, предлагам за секој кандидат за пратеник, покрај другите документи да се бара и лекарско уверение, бидејќи тоа е и законска обврска за секој вработен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Рамадани бара реплика.

VI/5.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска не сакав да реплицирам, затоа што немам со кого. Значи,треба да си на ниво , треба да си некоја скромност, односно, да кажам легенда стара, па вака со незрели политичари да водиш некаква реплика.

Јас му се заблагодарувам на пратеникот што кажа толку ниско, а мојата личност веќе и во тој поглед е возвишена.

Некои ќе мисли со времето, значи пред неколку децении дека Сали Рамадани е против оваа држава и против македонскиот народ. Тоа не е точно. Ако бидам против оваа држава, јас друга држава немам. Секој човек треба да сака една држава затоа што и тука живееме. Друга работа е што јас го сакам многу мојот народ и сите Албанци, било каде да се во светот, затоа што сме од едно потекло, од една иста крв, од еден јазик и со исто минато. Меѓутоа, ако некој мисли случајно дека јас ги мрзам Македонците, тоа не е точно. Зошто? Затоа што го сакам мојот народ, значи ја сакам мојата нација, а тој што ја сака својата нација не треба да ја мрзи ни другата нација.

После албанската нација, после албанскиот народ, било каде во светот или нашата националност, верувал некој или не, не за тоа да ви кажувам и докажувам тука, јас го сакам во прв ред македонскиот народ повеќе од било кој друг народ во светот. Зошто? Мене не ми се први комшии Кинезите. Први ми се Македонците. Ако имам некој проблем, некој пожар, некоја случајна смрт, јас ќе одам прво до мојот комшија. Прашајте вие во Кичево, господа претходни пратеник, дали во мојот живот јас или мојата фамилија сме имале некаков конфликт било со неден Македонец во Кичево и надвор од Кичево,  затоа што тоа не оди. А

да ви кажам ни еден пратеник од вас тука не може да ја сака Македонија повеќе од мене, а еднакво можеме, што е и објективно точно и наместо. Зошто? Затоа што тоа е наша заедничка држава. Јас ја сакам повеќе Македонија како држава, отколку да речеме Република Косово, или држава Албанија. Ги сакам Албанците во Косово повеќе од Албанија , но не и како држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, употребувајте само изрази кои се уставни и уставно легитимни и признати.

Друго, ако можете избегнувајте напади на личноста, да кажам на своите колеги. Тоа треба да се избегнува.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Немав намера да дискутирам, бидејќи немам ни спремено дискусија, но би кажал само неколку реченици.

Сакав да верувам дека во остварувањето на Програмата на Сојузот за Македонија, за која се уште мислев дека ќе се заложат сите три партии во нејзиното остварување.

Исто така, сакам да верувам дека денес нема да ја прекинеме и последната нишка, заедно со Либералната партија, со која до денес бевме во сојузништво. Меѓутоа, морам да кажам, се плашам а и по малку се грозам од обичен политички маркетинг, од замена на теза, од амбисот до кој може да доведе еден неодмерен збор, од гола политичка лага, од лажна душебрижност, од "плачење" и сочувство со нечија судбина.

Две теми ме преокупираа во животот. Тоа се културата и Битола. Заради тоа станав овде на говорница и не можам да ги премолчам овие две работи.

Прво, проблемот околу тоа кадрување, како битолчанец, како човек кој секогаш сум мислел и сега се уште мислам најдобро за тој град и останувам да ги остварувам сите свои амбиции точно во тој град. Ние како пратеници секогаш се залагавме правите луѓе од Битола да доаѓаат тука. Такви денес од Битола ги има овде во оваа власт. Колку некоја партија тоа не можела или не умеела да го оствари, тоа е проблем на нивната кадровска политика.

Вториот проблем е проблемот на прикажувањето на два или три месеци сојузништво во одборничките клупи во Битола, каде има само 8 пратеници на СДС, треба да му претходи едно четиригодишно коалицирање меѓу ВМРО и Либералната партија кои го донесоа во тој амбис градот Битола. Ние прифативме со скромно учество, со 8 пратеници да се извлече од таа агонија градот Битола.

Трето, јас се надевам дека е тоа вистина оти се грижиме за судбината на рударите, на земјоделците во Битола. Меѓутоа, факт е дека од оваа иста говорница во претходниот мандат, за жал, некои пратеници кои и денес се од Либералната партија,бараа проверка за некои луѓе кои го правеа косиот мост некаде во некои други, наводно темпиран со бомба и лажно изграден. Да бидеме логични до крај, не да одговараме само за ова што денес сакаме како маркетинг да го пуштиме во граѓаните.

Понатаму околу културата. Да ви кажам јас секогаш зборував и моето залагање , знаете и во овој Парламент беше и се заложив, бидејќи до ден денес ние практично немаме донесено ни еден закон од многуте кој треба да се донесат во областа на културата. Тука помогнаа сите чинители. Заживеа Комисијата за култура. После четири години јас сум спремен и своја одговорност да поднесам. Целиот свој кредибилитет

како човек го вложив во таа Комисија, не сакајќи да учествувам во ни една друга и понашајќи се како да сум пратеник од културните работници, а не од базата која ме избра, од Битола. Укажувавме, скоро година дена баравме анализа на финансирањето од Министерството за култура, не добивме. Денес уважувајќи ги нашите проблеми, премиерот Бранко Црвенковски, ја извлече како со чаробен стап најдобрата, можеби, варијанта во овој момент за Република Македонија и не само за Република Македонија. Човек како предложениот министер Унковски, може да го посака секоја европска земја. Сето тоа е во интерес на средување на проблемите, не во интерес на разградување и нешто друго. Унковски е човек кој им припаѓа на сите. Јас не знам дали има партиска и која членска книшка, тоа не е битно, тој е граѓанин на оваа држава и пошироко граѓанин на Европа и светот. Тој е оној што потезите ги влече.

Сметам дека во овој момент треба да се надминеме и двете партии и во интерес на сите да работиме, да не ги прекинуваме тие нишки. Дајте, има заблуди, има некакви работи кои силно не навредија, да се надминеме, да ја изгласаме оваа доверба и да ги бараме заедничките црти кои во иднина може да придонесат да се остваруваат работите во интерес на сите граѓани на Македонија. Лошо е ако правиме замена на тези, се навредуваме меѓу себе, а како утре ќе работиме. Се надевам дека од оваа говорница нема да се види сликата која беше пред 4 години.

Ја почитувам Либералната партија, ги прифаќам нивните дискусии досега и сега мислам од вторник, среда ќе имаме една конструктивна опозиција која ќе изградува нешто што е во интерес на сите граѓани и така ќе ги примам тие дискусии.

VI/9.-

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Во овие три дена беа изложени многу дискусии по повод реконструкцијата на Владата и изложеното ескпозе на премиерот.

Сепак се решив со неколку реченици да го изложам и своето мислење на оваа тема.

Моето определување дали да ја поддржам најавената реконструкција произлегува пред се од моето политичко искуство стекнато на жално ниво во мојата изборна база.

Ние со либералите не успеавме да ги споиме ниту раководствата, ниту бирачите ниту пак нашите програми. Затоа за време на предизборната и изборната активност одевме заедно само Социјалистичката партија и СДС. На нас во Виница ни беше јасно дека Сојузот од трите партии со либералите е неприродна и со ограничени перспективи. Затоа одевме со два кандидати еден на Либералната партија и еден на Социјалистичката партија и СДС. Имавме жестоки избори, но јасни резултати, поготово за сега. Ако ни беа тешки дилемите тогаш, сега ние поедноставно, чисто дека навреме сме ја избрале правата ориентација, природната и перспективната. Бидејќи ова се оствари на републичко ниво, го поддржувам предлогот на премиерот и ќе гласам за неговата нова реконструирана влада.

Сепак за мене поважен е стопанскиот живот каде и професионално сум поактивен и што премиерот на реконструираната влада планира да направи на тој план.

Веднаш сакам да се оградам дека настојувам да ја учам Владата како треба да го работи тоа, но да ми се сфати тоа како една пратеничка грижа и сугестија за некои наведени, а некои испуштени работи во експозето.

VI/10.-

Ќе опфатам само едно поглавје од експозето насловено на стопански план.

На јасно поставената цел таму дека општествениот производ мора да има пораст и тоа претставува*основен критериум за успех на оваа влада, така е поставено, основен критериум е пораст на општествениот производ, мислам дека и оваа година ќе им биде само желба. Бидејќи за пораст на над 10% од индустриското производство и пораст над 3% на општествениот производ оваа година немаме стварна реалност за тоа. Ќе наведам само минимум причини за тоа.

Од приватизацијата остана многу за оваа година, а во сите тие фирми кои не се приватизирани или е во тек нивната приватизација, тие не можат ниту да помислат на развој, а не да направат некаков раст. Напротив ќе произведат уште стечаи и нови социјални моменти. Тоа заедно со огромната стапка на невработеност можеби највисоката во Европа, ќе го одвлече вниманието во голема мера и оваа година. Затоа, според мене оваа година треба да се создаде шанса за стопански развој преку приватните фирми и акционерските друштва каде е завршена трансформацијата. Бидејќи за тоа треба капитал, домашен нема, неопходен е максимален напор да се обезбеди дополнителна странска акумулација која преку нашите банки треба да биде достапна на секоја добро стопанско пазарно ориентирана идеја. И да дојде до инвестирање оваа година тие нема да бидат ефектуирани и нема да се зголеми општествениот производ.

За мене главна цел треба да биде заживување на инвестициониот циклус каде претприемачите ќе ги реализираат идеите,а вредните извршители ќе си најдат вработување. Ние пратениците заедно со оваа Влада очекуваме да ги реализираме нашите програми. Во спротивно не само што ќе се загрози Владата, ќе се загрози и Парламентот.

VI/11.-

Трето мое видување на експозето е како претседател на Комисијата за развој при Собранието моја забелешка е дека не е ниту спомната проекцијата за визијата за развој на Македонија за наредните 15 години. Не можеме да очекуваме добра перспектива ниту човек, ниту фирма, а камоли држава ако нема визија за нејзиниот перспективен развој. Ние во оваа година во јануари направивме добар старт на тој план со помош на Светска банка преку Форумот за развој во Окрид. Во овој вториот месец добро беше да се уврстеше во приоритетите во оваа година преку самото експозе на премиерот. Моја забелешка е дека Владата на развојните теми слабо реагира. Ние како Комисија покренавме иницијатива до Владата за изготвување на национална програма за воведување на меѓународни стандарди за квалитет. Досега немаме никаква реакција од Владата. Мислам дека во Европа сме единствена земја во која нема таква програма, бидејќи само преку практичната примена на овие стандарди не внесуваат во Европската Унија. Оваа година мораме да ја изградиме нашата визија за развој. Добро е да биде завршена до средината на оваа година да се совпадне со развојниот инвестиционен циклус и да му влее верба на народот и надеж за перспективност во државата. Министрите мораат многу да работат на визијата и на крајот да ја знаат како оче наш. Голема наша предност е што Светската банка се прифати за наш ментор. Имаме шанса да направиме реална визија поготово што позади стои највлијателната финансиска институција од која ќе очекуваме и реална потреба. Оваа долгорочна визија е суштествена работа за стопанскиот просперитет на земјата. Таа самата не е доволна, од нас ќе се захтева многу пот, одрекување и дисциплина, меѓутоа, ќе ни биде појасен патот кон успехот на државата и на државните водачи, поготово на извршната власт која денеска ја утврдуваме на денешното собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 14,00 часот.

VII/1.- JJ-ВБ

(Продолжение на седницата на Собранието по паузата во 14,10 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Збор има г-дин Паунов, но еве се откажува.

Од дискусијата се откажува и г-динто Вејсели.

Има збор г-дин Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Дами и господа пратеници, не мислев да се јавувам за дискусија, но сум поттикнат од вчерашната дискусија на Ристо Трајков. Најчесто кога се сака да се зборува против министерот Иванов се спомнува според дневните потреби за реекспорт на домати и краставици. Тоа се прави со цел да се искаже грижата на земјоделците од Струмица, Валандово и Гевгелија. Затоа во оваа прилика би сакал да укажам на неколку елементи од тој случај. Имено, тој проблем беше покренат од Комисијата за земјоделство на Собранието и со пратеничкото прашање на пратеникот Боро Костиќев а не од пратеникот Ристо Трајков. По таа интервенција само Министерството за стопанство даде за фактичката состојба со укажување дека треба да се бараат вистинските виновници за таа состојба и притоа само тој предложи мерки за казнување на виновниците. Комисијата за земјоделие расправаше и ги прифати информациите. Во таа информација стои јасно дека Министерството аз сто- панство нема ингеренции за извоз на домати и краставици во Републиката и според тоа ако нема ингеренции за влез, нема да дозволи влез на домати и краставици. Таа информација во јуни 1995 година отиде до Владата со четири прилози по кои Владата заклучи да не се објавуваат туку се направи само одговор на пратеничкото прашање и во јули 1995 година се достави до сите пратеници во Собранието. Од тој момент веќе никој ништо не зборуваше и не прашуваше, дури ни

новинарите на Прес-конференциите. Ако некој навистина е загрижен за интересите на земјоделците, зашто кога го добил одговорот на пратеничкото прашање си заќутил. Зашто тогаш не побарал согласно Уставот да се формира ко- мисија за утврдување на одговорноста. Сигурно тоа не се случи, затоа што некој се обидувал да го брани министерот Иванов, туку да се заташка работата и да не излезат на виделина „вистинските виновници и во барањето на виновниците, да не се стигне до премиерот и Владата за начинот на работата на Владата. Но да не се случуваат според нивните потреби на партиите и пратениците да се отвори прашањето на реек - спорт на земјоделски производи, ги повикувам пратениците г-динот Трајков и г-дин Костаќев ако навистина се загрижени за земјоделците и нивните интереси на првата наредна седница на Собранието да побараат да се формира анкетна комисија за утврдување на одговорноста за таканаречениот реекспорт на земјоделски производи ориз, домати, краставици и др. Доколку тоа не го направат ќе сметам дека не се заинтересирани за интересите на непосредните земјоделци. Но за да се види и препознае демагошкиот настап, пратениците од Струмица, Валандово, Гевгелија и други места кои прашањата кои што се однесуваат на непосредните земјоделски производители ќе посочам неколку примери. Тие пратеници освен г-дин Тантаров гласаа за Буџетот за 1995 и 1996 година во кој постепено се намалуваат и укинуваат субвенциите и помоштите за земјоделството. Јас дискутирав на седницата кога го обезбедувавме буџетот 199 6 година и укажав на последиците од драстичното намалу- вање на субвенциите во земјоделството. Гласовите за законот за акци- зите, а земјоделците за кои ние наводно се"грижиме" треба за нафтата и нафтените деривати што ги употребуваат да плаќаат 69% од акцизите и данок на промет. Си молчат а за увоз на автомобили се плаќа 10% од царината а исто така и за увоз на земјоделска механизација. Истото е и за ѓубривата, семињата, заштитните средства, пестицидите и др.

Ако пак сакаме земјоделците да ги транспортираат своите производи на странски пазари, го изгласавте новиот Закон на поранешниот министер за финансии, со кој за купување на возила и авиони сега да плаќаат 5% данок на промет.

Сакаме земјоделецот да даде евтин производ, но во цената на неговиот производ се вградени 70% царина на државата. Зашто го тераме земјоделецот да извезува даноци, царина и со каков производ да биде конкурентен на странскиот пазар. Наместо да водиме сметка како гласаме кога на дневен ред се овие прашања кога од нив зависи цената на земјоделските производи. Со демагошки настапи и лиење солзи почитуваните пратеници нема да ги заштитат земјоделците. Во Република Македонија можат да се произведуваат големи количини на земјоделски производи меѓу кои грозје, вино, тутун, градинарски производи и друго наменети за извоз, но тие не треба да бидат оптоварени со многу давачки. Прашањето зашто во земјоделското производство посебно во оризот, грозјето, јаболката и градинарските производи каде што има многу други дополнителни трошоци има толку голем процент на даноци и царини во нив, репроматеријали и зашто тогаш ги тераме земјоделските производители да извезуваат даноци и царини. За мене тоа не се економски прашања, туку политички, бидејќи одлуките за царините и даноците се носат од политички органи а тоа се Собранието и Владата, а зад нив стојат политички партии со политички ставови по овие прашања. Затоа би го потсетил господинот Љубисав Иванов кој несомнено е добар стопанственик да не прави такви неиздржани поделби на политички и економски гледања на работите, од причина што нашите земјоделски производи можат да поднесат царина кога се извезуваат на странски пазари што не можат да ги поднесат домашните царини и даноци и царинските давачки на странските пазари. Прашувам кои царини и давачки влегуваат во извозот, во извозната цена

на македонскиот производ, не се економски одлуки туку политички. Одлуките произведуваат од одредени земји кај нас на либерално надворешно трговскиот режим а нашите производи во тие земји да се оптоваруваат со царини и други давачки не се ништо друго туку политички одлуки. Тие одлуки за системот на политиката во земјоделството ги гласавте вие почитувани пратеници и виновниците за тоа немојте да ги барате надвор од Собранието на Република Македонија, бидејќи на овој план ќе се знае политиката на Владата во наредниот период, а досегашната е повеќе од конфузна.

Имам уште едно прашање, зашто премиерот Црвенковски кој по трет пат веќе составува Влада никаде не може да се сретне и нема ниту еден министер од Прилеп од каде што Прилеп брои некаде 110 илјади жители, Прилеп кој во денешниов Парламент има повеќе или помалку седум пратеници. Мислам Прилеп е општина која што вистински заслужува во редовите да има ако ништо друго еден човек што ќе биде во тие редови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа јас се извинувам што се јавувам по втор пат, меѓутоа, се јавувам во име на пратеничката група, затоа што Либералната партија беше предмет на дискусија во многу од ваквите излагања. Во досегашната работа, меѓу другото, беше речено дека наводно Либералната партија не дава мандат да се одлучува за владината политика. Но, реалноста е друга. Премиерот не дозволи и не прифати ЛП да има влијание врз формирањето на политичката платформа на Владата и не прифати дека Владата треба да има политичка платформа и програма за работа.

VII/5.-

Слушајќи ги дискусиите се гледа дека и денеска Владата нема платформа ни програма за работа. Затоа, како мисли господинот Љупчо Поповски дека може да се обезбеди ефикасна и одговорна Влада. На која политичка платформа, на онаа што ја нема премиерот? Господинот Поповски тврди дека идентитетот на партијата не се гради според типот на изборната коалиција. Дали смета дека не треба да се потсетуваат партиите што ветувале на изборите. Дали е забрането да не каже дека СДСМ се откажува од градењето на својата политика со прикривањето за политиката на господинот Глигоров. Дали не смее да се аргументира и објасни зашто се бега од изборните ветувања, бидејќи на избори излегоа со него на чело. Треба ли да образложат зошто сега се откажуваат. Толку ли веруваат дека граѓаните им дадоа поддршка како на пратија. Ако не се плашат за таа доверба, зошто премиерот не даде одговор на прашањето, дали претседателот Глигоров дал согласност за трите ресори, за внатрешни работи, за надворешни работи и за одбрана.

Морам да потенцирам дека ја разбираме партиската потреба на СДСМ и на премиерот да се образложи нашето тврдење дека Владата скршнала премногу во лево. Расчистувањето на таквиот став е потреба на СДСМ, на домашната јавност, но пред се за меѓународната. Бидејќи таквиот став е тесно поврзан со ставот кој во Република Македонија се залага за реформите. Со новата Влада тоа не може да се поврзе со еден од помалите партнери како што е Социјалистичката партија пора- ди нивните тесни врски и соработка со партиите кои се наследници на поранешните комунистички партии на Балканот. На СДСМ и на премиерот им е потребно тие да се прикажат пред се пред меѓународната јавност како носители на реформите за пазарното стопанство, парламентарна демократија и за гарантирање на човековите права.

VII/6.-

Додека нашите министри беа во Владата можеше да се замаглува јавноста со тоа кој е за реформи, а кој не е. Но, ние знаеме, од нашите министри кој колку ги разбира реформите и колку навистина, премиерот со неговиот избор и намера да спроведува реформи. Сега навистина на отворена политичка сцена ќе се види кој е колку за реформите и дали има намера да ги спроведува, бидејќи нам ни е повеќе од јасно дали премиерот има намера да прави реформи. Но, сето тоа ќе биде на штета на Република Македонија. Затоа пратениците на ЛП се согласуваат дека со изборот на оваа Влада се актуализира прашањето на реформите. Ние сметаме дека СДСМ не е заинтересиран да даде отчет како нивниот премиер ги спроведувал реформите, односно во прв поглед дали има намера да ги спроведе потребните реформи. Само анализата и отчетот може да одговорат на прашањето, дали СДСМ како водечка партија во власта и премиерот имаат визија за тоа, какви реформи треба да се прават, дали има знаење и умеење за осмислување, а после и за реализирање на потребните реформи. Ние пак тоа го тврдиме дека предложената Влада не произлегува од желбата за спроведување на реформите, туку напротив сметаме дека со оваа одлука се сака да се запре со реформите.

Кон сето ова треба да се додаде и фактот дека овие залагања од говорот на Љупчо Поповски ги слушавме во три говори на премиерот пред овој Парламент, а секогаш сме заклучувале дека од тие апстрактни залагања за парламентарна демократија, за пазарно сто- панство многу малку или незначително сме оствариле. И тоа најчесто се правда со периодот на транзиција или со недоволната ингеренција на СДСМ. А, причината е, всушност, непостоење на визија, знаење и умеење за спроведување на реформите.

VII/7.-

Кога така ќе се поставаат работите ќе дојдеме и до прашањето зошто во Владата навлегува левиот радикализам. А тоа е, затоа што и покрај намерите и заложбите што ги пропагира СДСМ, во реалноста гледаме дека се прави нешто друго. Се бега од фактот дека за да заживее пазарното стопанство и парламентарната демократија ни е неопходен оформен приватен сектор. Се создава фама дека со приватизацијата тој ќе се создаде. Меѓутоа, тоа е чиста заблуда, бидејќи приватниот сектор може да се оформи со законот за трговски друштва законот за земјиштето, законот за промет со земјиште и недвижности законот за јавни претпријатија, законот за јавни установи и служби законот за стечај со кој ќе се штитат доверителите, законот за хипотекарно право, нов закон за сметководство, закон за работни односи, закон за банкарско работење, закон за синдикално организирање и колективно договарање. Односно со регулирани односи за опстојување на приватниот сектор. Без минимум донесени закони нашиот систем со-сема малку се разликува од претходниот.

Наводно новата економска политика која не е креација на оваа Влада ниту е разработена со програмата на СДСМ туку е предлог на ММФ и Светската банка што Владата го прифаќа и го правда со аргументи, тоа е договорено со ММФ и Светската банка, ќе даде само од себе резултати. Всушност ги имаме следниве резултати: од приватизираните претпријатија 50% се отидени во стечај, а работниците префрлени во Заводот. Агенцијата за приватизација нема решение што во овие случаи. Новоформираните претпријатија исклучиво се во трговијата, што е и оправдано, бидејќи во производството, лошиот даночен систем и неадекватната фискална политика нема мотив ниту интерес да се вложува во производствените дејности, ниту домашни инвестиции,ниту странски. Тие трговски претпријатија, јасно е дека не можат да обезбедат нови вработувања.

Каматната политика придонесе последните години да имаме највисоки камати од сите други европски земји. И покрај тоа, секоја година има нето одлив на капитал од земјата. Значи, не само што странскиот капитал не реагираше на големите камати, туку и домашниот капитал бега од земјата после добро заработената камата. Одливот на капитал значи осиромашување на земјата и помала можност за инвестиции, а тоа значи и помалку нови работни места.

Стопанството се тера да извезува производи во чија цена најмалку 40% се даноци за плата, на добивка, данок на промет или на производи, чија цена 46% е оптоварена со давачки за јавната потрошувачка. Извозното стопанство со нереалниот курс се тера излезот да го бара или во кредити со високи камати, да отпушта работници или да одат во стечај а работниците одат на социјална помош и претставуваат нов државен трошок. Ако пак сакаат да извршат преструктуирање, треба да платат данок на државата за организационо техничко и финансиско преструктуирање. Значи со фискалната политика не се стимулираат нови работни места туку висококвалификуваната работна сила се тера да чека на социјалната помош и издршка.

Ако некој бара одредени промени и реформи во наведените области и во системот се етикетираат дека бараат да се печатат пари, што апсолутно не е точно. Господа од СДСМ, мора да признаете дека оваа Влада и последните две години печатеше пари, само што тоа умешно го прикриваше. Еве зошто, 1994 година имавме инфлација од 55%, пораст на паричната маса М-1 со одлука на ова Собрание од 53% а пад на општествениот производ од 11%. 1995 година имавме инфлација од 9,1% пораст на паричната маса М-1 со одлука на ова Собрание од 23% а пад на општествениот производ од 4%. Ако порастот на паричната маса треба да кореспондира со порастот на општествениот производ зошто не се дава одговор на прашањето, каде е вишокот на пари 1994

година над 53% 1995 година над 23%, кој не кореспондира со висината на општествениот производ. Ако државниот буџет има дефицит а за 199 6 година се предлага и тековен дефицит, ако пензионерите земаат пензии не од приходите во пензискиот фонд, туку од банкарски кредити, ако невработените по 4-5 месеци не ја земале социјалната помош, во стопанството нема акумулација, туку има големи долгови, банките немаат кредитен потенцијал, тогаш каде е вишокот на пари, односно новопечатените пари? Одговорот може да биде дека преку прецeнетиот девизен курс се изнесени надвор. Сепак, краен резултат е, со економската политика пред се даночната политика се дестимулира производството и извозот со нерегулирани односи во приватниот сектор што е резултат, голем број стечаи неможноста да се отворат нови работни места, со необезбедување релативно ефикасен финансиски капитал,се оди кон нови кредитни задолжувања кои што треба да ги плаќаат идните генерации.

Резултатот од сето тоа е бегањето на фирмите од производството и пад на индустриското производство, голем број невработени, а оние кои се вработени 40% не земаат плата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Платата на оние што земаат се движи околу 100 марки. Дали мисли СДСМ дека се овие резултати може да зборуваме за остварување на пазарно стопанство без регулиран пазар на стоки, без пазар на пари, без пазар на капитал, без пазар на работна сила и за човекови права ако за тековните економски, егзистенцијални права граѓаните не ги чувствуваат резултатите и со такви резултати не можат да се правдаат за залагањата за пазарно стопанство, парламентарна демократија и човекови права. Бидејќи нашата реалност е дека расте незадоволството кон овие вредности, што е оправдано според резултатите, а излезот од незадоволството граѓаните ќе го бараат од државата или од една партија која ќе им вети казнување на виновниците. Доста успешно меѓу граѓаните и фирмите се прават зависни од добрата волја на државата или од нејзината социјална помош.

Почитувани дами и господа, што слушнавме во изминатите два дена како главни аргументи за оваа таканаречена реконструкција, а всушност новокомпонирана Влада. Слушнавме едно бледникаво експозе за чие понатамошно дообјаснување и толкување мораше да биде ангажиран дури еден универзитетски професор, слушнавме театарско - куклен жаргон, спортски жаргон, парапледоае за пара - универзитет итн. Единствено што малку слушнавме е вистинско политичко мислење и став, а сите еднодушно, а речиси една пратеничак група се залага за политичка одговорност и политички одговорна Влада. Зарем може да постои политички одговорна Влада без политички одговорни поединци. Или е сосема доволно денес еден цел централен одбор да застане зад

вас како во познатите времиња на едноумието, па да се сметате за политички одговорен. Дали тоа значи дека на дело повторно ќе го гледаме истиот филм. Државата тоа е партијата, партијата тоа сум јас. Ако не е така, тогаш како можеме да ги сметаме за политички одговорни овие поединци кои за себе сметаат дека се незаменливи, дека се способни да се шетаат од ресор до ресор, и пак да бидат одговорни, или оние кои така лесно се фаќаат за палката и воведуваат ред меѓу народот. Или дали е навистина политички одговор за министер да поставите потписник на неуставна и незаконита иницијатива, па бргу за една година да го реконструирате а потоа веднаш за заменик министер да предложите човек кој отворено бара федерализација на Македонија. Каква е таа небулозна политичка одговорност кога по најблаго речено чудното експозе на премиерот, носечките успеси на Владата се лоцираат токму во оние министерства и министри, кои сега треба да бидат реконструирани. Како може да имаме политичка одговорна и пред се одговорна Влада кога во неа ќе седат политички неодговорни и неефикасни министри. Зошто да беа ефикасни на нивните довчерашни места премиерот не ќе мораше сега да ги рекомпонира.

Слушнавме, исто така, дека се бара ефикасна Влада која ќе работи 24 часа дневно. Тоа звучи многу шармантно и маркетиншки, се разбира доколку не би преставувало небулозна контрадикција. Па, ве молам, кој е тој човек, па дури и министер кој функционира 24 часа во денот. Таква Влада би била бивша после 3 дена. Или премиерот сака да ги врати повторно во функција социокомунистичките херои на трудот што ќе копаат јаглен 30 часа во денот. Или можеби некој се труди овде да не убеди дека токму такви херои на трудот биле министрите од редовите на

СДСМ. Ако навистина биле такви, зошто тогаш да бидат рекомпонирани, односно исфрлени во други ресори,. Нека останат на своите места и нека го докопаат јагленот. Но, веќе е очигледно дека овде не станува збор ниту за политичка одговорност, ниту за потреба од ефикасност, а најмалку за стручност и компетентност. Зошто да беше така, работите ќе мораа да се поставaт и искажат поинаку со друг речник, со факти и со аргументи. Вака сето ова мириса на амбиција на нешто минато, нешто видено, мириса на жед за власт. А таква жед не се гаси лесно. Најмалку се гаси со реконструкција на Влада, со наводни барања на политичка одговорност и сл. Таква неконтролирана жед се гаси со други нешта многу поболни и потрагични. Таквите нешта историјата многу добро ги памети.

На крајот сакам да им се заблагодарам на сите дискутанти, кој што уште еднаш јавно ни оддадоа признание дека ЛП е носечки столб на демократијата во Македонија.

Поздравувајќи го нејзиното одење во опозиција заборавија дека ги изиграа изборните резултати.

Им порачувам дека со задоволство го прифаќаме најголемиот товар и одговорноста да ја развиваме демократијата и во наредниот период.

Иако составот на Владата не ни влева надеж, дека реформите ќе се спроведуваат за доброто на сите, сепак на Владата и посакувам успех, бидејќи неуспехот на реформите нема да биде неуспех само на политиката на една партија и нејзин крах, туку бидејќи последиците ќе ги почувствуваат и ќе страда цела нација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Вејсели.

**АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван премиере и кандидати за министри. Чинам дека поводот за реконструкција на Владата и веќе 3 дневната дискусија за реконструкцијата докажува уште на самиот почеток дека е во прилог на натамошното профилирање на демократските; процеси во земјата и означува еден нов импулс во политичкиот живот во целина. Прашањето е зошто. Па, веќе месец и пол политичкиот живот, па и работата на ова највисоко законодавно тело се одвиваше без некој виден политички динамизам, што е битна карактеристика на политичкиот плурален живот. Се имаше впечаток дека демократијата застана, во своите неискристализирани почетоци и без нови импулси за втемелување во своето време и перспектива. Политичките аналитичари тогаш почнаа да ја искажуваат својата загриженост за неповолните трендови на овие демократски процеси и дел од нив беа во мнение дека тоа доаѓа од тоа што коалиционите партнери, сите без исклучок, не и стават крај на славата на добиените извори на својата политичка комотност што им ја обезбеди широката коалиција и што опозицијата остана вон Парламентот. Тогаш на- вистина имало предиспозиции широката коалиција да ги загрози демократските трендови и дека било така сега покажува меѓусебните обвинувања принципиелни или непринципиелни, аргументирани или паушални на до вчера партнери на коалицијата, а сега класични опоненти. Се критикува заедничкиот од по досегашните

патишта на демократијата и слабостите и вината се припишуваат реципрочно. Затоа лично мислам дека ова може да претставува чисто само критика на досегашните коалициони партнери, само што луѓето ги збунува политичкиот карактер на дискурсот. А, суштината е тоа. Ова нема да остане на ниво на една празна расправа, туку ќе внесе повеќе трезвеност во натамошното работење на Владата и во поодговорно и подемократско извршување на власта заеднички со останатите партнери во колацијата. Значи, пак е во прилог на демократијата. Чинам, исто така, дека многу се драматизира распадот на политичкото партнерство во еден широк сојуз како што беше и уште е Сојузот на Македонија. А уште повеќе некои ламентации имаат дури и комунистички призвук или начин на искажување. Дијалектика на коалициите е непрестанато договарање и преговарање, димензионирање и трагање по еден широк консензус за успешност во политичката или владината акција. Кога мостовите што ги поврзуваат овие политички интереси во една темелна платформа на заедничките интереси ќе почнат да се рушат, се разбира дека секој ќе остане или застане покрај својот брег. Овде, се разбира, добива тој што има повеќе политичко чувство како да се снајде во новите политички трендови, па и чувство за одговорност пред гласачите и пред времето. Јас лично сум спремен да му поверувам на премиерот дека во реконструкцијата на Владата тргнал од овие мотиви и од мотивите што ги наброил во своето експозе по овој повод.

Од друга страна колку да е критикуван од новопозиционерите, треба да се признае дека и овој пат има една политичка предност наспрам другите што мултиетнизмот го прифаќа  како предизвик во

компонирањето на владиниот состав и со тоа ја проширува уште повеќе можноста за поголема политичка коперативнсот и дијалог. Мислам на интер етнички дијалог без оглед на фактот колку може да биде ефективен во одделни политички ситуации во овој дијалог. Но, тука е во дослух со одот и на европското политичко време и тука му дава поени и внатре и надвор.

Албанците, се разбира, не сакаат ниту да делат, ниту пак да множат во овие конфликтни ситуации меѓу македонските политички партери. Но, нивно право е да се стремат за рамноправно политичко партнерство во коалицијата и да ги поддржуваат оние трендови глобални или парцијални, или политички субјекти од македонскиот блок кои го прифаќаат дијалогот и кооперативност. Политичката партија на Албанците овде претставена, а поконкретно Партијата за демократски просперитет како една од партнерите во коалицијата не се органски дел од Сојузот за Македонија. На платформата на Сојузот им дава поддршка само на одделни глобални опции на таа Платформа, каде веќе постои еден политички етаблиран консензус за некои од базичните вредности. Како што се независноста, демократијата, владеењето на правото, политичкиот, културниот, верскиот и националниот плурализам, европската ориентација на Македонија и други работи. Но, ние не сме согласни само во еден битен сегмент и витален за Албанците, а тоа е различното толкување на националната и граѓанската рамноправност во целина нема политичкиот и државниот живот. И тоа е сосема нормално во едно демократско плурално општество. Тука политичкиот проект на Албанците се разликува од Платформата на Сојузот, односно на СДСМ. Ако се разликува тоа не значи дека треба да биде прифатлив, ни целосно, па ни парцијално. А, реструктуирањето на овој проект во своите

посебности како составен дел на една модерна демократска платформа за модерна и европска Македонија би била предност за сите нас. Затоа, во понатамошниот период премиерот би требало со поголема храброст да ги прифаќа овие навистина демократски процеси во многу сегменти на интер етничките односи. Во високото образование, во културата, во медиумите, здравството,м правосудството, полицијата, армијата и ред други работи.

Почитувани пратеници, дозволете ми на крајот меѓу тоа, тука не го гледам Томислав Стојановски, кој вчера ја иритираше целата јавност во Македонија, една мала дигресија од горенаведеното, една дигресија во вид на реплика и не моја пракса во негово отсуство тоа да го кажам, меѓутоа, па јас ќе го кажам па тој од стенограмите ќе разбере. Тој постојано се експонира примитивно против Албанците во секоја прилика и веќе стана политички монотонист во овој Парламент да ги забавува пратениците во невкусни споредби односно со расистички квалификации за одделни состојби во меѓунационалните односи. Жалам што демографијата на таквите луѓе, луѓе под наводници, им дава можност да се повикуваат во името на народот, а кои до вчера во својата работа биле извршители на најциничниот геноцид, културен, образовен и национален врз Албанците и најтврдокорни застапници ан комунистичката догма, а сега се прерушени во таканаречени демократи и држат лекции за демократијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас во листата немам веќе говорници.

Г-дин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседатепе, дами и господа, почитувани колеги, севкупниот амбиент кој што беше создаден околу предлогот на претседателот на Владата за реконструкција на Владата, состојбата околу свикувањето, одржувањето на оваа седница најилустративно покажа дека Македонија како држава, сепак го преживува детските болести на политичкиот плурализам. И тоа не е толку за чудење, бидејќи градиме 5 години, еве шеста година како градиме политичка демократија од повеќепартиски тип. Тоа не е изгубен период за овие 5 години ваквиот систем ја докажа својата предност во РМ. Гледано од овој агол за многу кратко време направивме многу работи за конституирањето на македонската државност и нејзино легитимирање пред цивилизираниот свет како цивилизиран народ и држава која што одигра во клучните, драматичните моменти на овие простори една од најпрогресивните улоги за човештвото, И тоа без сомнение е комплимент за овој политички правец, комплимент е за сите граѓани на Република Македонија.

Во овој период се разбира, дека и политичките партии бараа свој идентитет, се профилираа како политички, одвоени самостојни политички субјекти, особено тоа е тешко ако се знае дека тоа го чинеа во услови кога македонското општество се уште не е структурирано, не е поделено на интересни основи. Веројатно, тој процес ќе потрае малку пократко, ако се знае дека основен услов за структурирањето на општеството, односно раслојувањето на интересни основи е процесот на приватизацијата, кој што веројатно ќе создаде сосема нови, општествено економски односи во македонското општество. Но, се разбира дека, како што рече еден мој колега во вчерашната расправа или завчерашната

сите тие политички партии безмалку произлегуваат од една идеолошка матрица и тоа не е чудно што се уште го бараат своето милје во социјалната средина на македонското општество. Јас нема да претерам ако кажам дека скоро сите политички партии денес пенетрираме условно речено на една иста категорија граѓани односно ан сите граѓани во Македонија, со тоа што им кажуваме дека нели само ние односно ние секоја политичка партија, ние тоа подобро ќе го правиме отколку што тоа го прават другите. Се разбира, тој период е време на зреење на политичките партии, а со зреењето на политичките партии како овие што сме овде во Парламентот, исто така тие што се надвор од Парламентот добива македонското општество во динамија на својот развој и се разбира на политичка зрелост.

Смислата на политичкото организирање и постоењето на политичките партии е борба за власт и се разбира задржувањето што подолго на власт. Тој што ќе успее да ја освои власта, што ќе успее да ја стекне довербата на граѓаните, веројатно дека има шанса да ја задржи власта. Доколку не знае да ги остварува стремежите, очекувањата на граѓаните и ако во втор план ги стави државните интереси и интересите на граѓаните, тоа граѓаните ќе го казнат на првите локални, во нашиов случај или на следните парламентарни избори.

Сакам да кажам дека битката за освојувањето на власта односно на добивањето на изборите започнува веднаш со завршувањето на постојните со конституирањето на Парламентот и изборот на новата Влада. Токму на овие основи и мислам почитувајќи ги овие принципи и

трите партии СДСМ, ЛП и Социјалистичката партија се здружија, ги концентрираа силите за овој мандат да ја стекнат довербата кај граѓаните и да ги изведат реформите во РМ на побезболен пат.

Се разбира, јас по мое длабоко уверување овој сојуз и тие очекувања на граѓаните, а се разбира на политичките партии ги реализираа. Но, ова беше само пред изборен сојуз. Или како што рече овде еден од нашиве колеги, ова беше мото на овие три партии кои што имаат свој субјективитет, тоа се три посебни политички партии со идентитет препознатлив пред граѓаните, пред избирачите. Но, откажувајќи се од дел од своите програмски определби да се сочуваат овие интереси за кои пред малку говорев односно да се обезбедат да се изолира од македонската политичка сцена односно во овој момент екстремните сили кои што влечат назад, а да се концентрира бирачкото тело врз кандидатите на овие три партии, кој што во секој случај се една резонанса од разумниот дел на бирачкото тело.

Оваа коалиција по мое длабоко уверување не заживеа ни како владина коалиција или подобро речено како парламентарно мнозинство кое што ја поддржува Владата. За тоа имавме најдобра потврда во овие три дневни дискусии на нашиве колеги, сите заедно. Мислам дека заправо дискусиите во овие три дена покажаа дека разликите меѓу СДСМ, особено ЛП, Социјалистичката партија и СДСМ, сепак, немаат толку големи програмски разлики.

IX/1.-ЛП/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Тие се до таа мерка спротивставени, што јас мислам се и непомирливи и во таа насока и во тој контекст ми е многу прифатлив апелот на мојот колега Никола Поповски, сепак и после се ова што се случи дека не треба да се уриваат сите мостови за соработка. Политиката е многу фрагматична работа и веројатно дека тие што тоа ќе го сфатат имаат шанса повеќе и подолго да останат на политичката сцена. Денес сосема нормално е не само кај нас туку и во светот да се создаваат нови сојузи, да згаснуваат старите сојузи, да се менуваат политичките ориентации и платформи на политичките партии, се со единствена цел што подолго да се остане на власт. Ако е тоа желба на сите, а верувам дека сите што се политички ангажирани веројатно таа филозофија не треба да ја забораваат.

Овие разлики значи највпечатливо покажаа на непостоење, односно апсурдноста на натамошното постоење на Сојузот за Македонија. Заправо до таа мерка се дијаметрално спротивни погледите на пратениците од пратеничката група на Либералната партија со погледите на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз и Социјалистичката партија, а верувам во некои сегменти дури и непоправливи. Јас ќе наведам само една илустрација каде најмногу се разликуваат Социјал демократскиот сојуз и Либералната пратија, која не е за потценување, но која што дава вкупна слика за миљето во кое оваа година и нешто повеќе делуваа и политички битисуваа овие политички партии во Сојузот за Македонија. Но, тоа е , се разбира, взаемна жртва.

Во филозофијата на либералното учење е дека апсолутно треба да се даде потполна слобода на економските закони, да се даде можност

односите во општеството да ги диктира капиталот. И тоа е сосема природно, бидејќи во светот познато е дека либералните партии тоа се партии на крупниот капитал и нормално е во таа насока и таа политичка партија да го осмислува своето програмско делување.

За разлика од нив, Социјал демократскиот сојуз како дел нели од тоа Социјал демократско движење во светот во битието на своето делување го има и поголемото нагласено влијание во овој период на државата во економските текови, пред се да ја обезбеди социјалната димензија на општеството, за кое се определивме и тоа го напишавме во Уставот. Но и покрај така спротивставените погледи, односно концепциски разлики, програмски ориентации, на изборите се здруживме заедно со иста цел, да го обезбедиме она што е денес стварност во македонското општество. И мислам дека тука воопшто не погрешивме.

Не сакам овде да ги истакнувам големите разлики што постоеа меѓу Социјал демократскиот сојуз и Либералната пратија во однос на реформите во економската свера, Законот за приватизација, но за тоа нешто подоцна.

Единствена константа која што постои овие 13 години и останува да постои секако е претседателот на Републиката и тоа не како инспиратор и лидер на Сојузот за Македонија, јас мислам пред се како исклучитетлна личност со огромно државничко искуство, човек со кого се идентификува денешната македонска стварност, човек за кој нема да претерам ако кажам дека е креатор на современата македонска држава. И човек кој што засега неспорно е најголемата легитимација на Македонија во светот. И за мене е сосема логично што претседателот на Републиката се јави со апел, пред се загрижен во која насока ќе се движи Македонија, затоа што ова што денес го има Македонија, како така и во

светот секако е резултат на овие три политички партии кои беа во коалиција и во првиот изборен период, нели, првиот повеќепартиски парламент, а кој што стартуваа и во овој период. И се разбира, не поделено, не спорно ја искажа својата загриженост како Македонија натаму ќе се одвива, ако судирот меѓу овие две политички партии ескалира до таа мерка што на преден план се ставаат тесно - партиските интереси, а да се запостават државните интереси кои целокупниот труд и меѓународниот кредибилитет што го има Македонија во светот ќе биде ставен на втор план, се разбира дека и како држава ќе го изгубиме. Од тие причини, мислам дека сосема на место е и апелот и интервенцијата на претседателот на Републиката.

Но кои се , ако смеам така да кажам, земајќи го предвид апелот на претседателот на Републиката, основните пунктови на кои што укажа претседателот на Републиката и каде треба да се движи Македонија

Се разбира, неговата ориентација, неговиот сон кој што станува реалност и за сите нас, е Македонија да биде на меѓународен план стабилна, меѓународно призната држава, внатре во Републиката да постојат стабилни внатрешни односи и да имаме меѓусебно почитување, толеранција меѓунационална, верска и т.н., политичка ако сакате и тоа, да се создадат услови за пазарно стопанисување, да се обезбедат услови за правна држава, и се разбира врз сите тие фундаменти да се обезбедат правата и слободите на граѓаните, на човекот и граѓанинот во Република Македонија. Јас со сигурност можам да гарантирам и не само после она што го кажа претседателот на Владата во своето експозе дека апсолутно тоа е платформата на новата Влада односно на Владата која што ја предлага премиерот Црвенковски. Ама баш во ништо не се разликува.

Каде се движи Македонија после овие тридневни расправи што овде ги имавме во врска со предлогот за нова Влада.

Прво, овде бевме обвинувани како Социјал демократски сојуз дека навлегуваме, се движиме кон меѓународна изолација. Оставам да судите сами дали недвосмисленатa поддршка односно надежта , очекувањето на Стејдепартментот да соработува и понатаму со новоизбраната Влада и конкретната финансиска поддршка од Европската банка, а и ова најновото што и денес имавме можност, или вчера, да го слушнеме од Светската банка дека Македонија спаѓа во горната лествица на земјите што се во транзиција во однос на почитувањето на човековите права и економските реформи, најдобро, најилустративно говори за меѓународната позиција на Македонија. И се разбира, столбот на меѓународната позиција, угледот што го има претседателот на државата и очекувањата дека на таа платформа ќе продолжи и натаму.

Понатаму, бевме обвинувани дека правиме Влада за да го промениме името на Република Македонија. Јас мислам дека нема ни еден субјект во оваа држава, нема легитимитет ниту претседателот на државата, ниту овој Парламент ниту оваа Влада која што ќе ја избереме денес да го промени името на Република Македонија. Според тоа, тој што ќе по- сегне по таа вредност веројатно ќе биде засекогаш избришан од политичката карта на Македонија. Тоа без сомнение го имаат на ум сите што се бават со политика.

Бевме обвинети за нов национален радикализам односно за екстремен национализам. Јас не знам на кои елементи се фундира таквата оценка ако се знае дека токму оваа коалиција, Социјал демократскиот сојуз, Социјалистичката партија и ПДП практично покажуваат во Македонија како треба да се обезбеди кохабитација, сожителство, меѓунационална толеранција. Ако тоа не е доволно, зарем може да биде доволна меѓунационалната исклучивост што други ја преферираат овде и од оваа говорница. Исто за тоа нека судат граѓаните, веројатно и луѓето кои од надвор ги следат состојбите во Македонија.

Според тоа , Македонија навистина оди кон нејзино зацврстување на меѓународен план, Македонија оди кон обезбедувањето на правна држава, кон обезбедувањето на условите на пазарно стопанство, почитувањето на правата и слободите на човекот и граѓанинот. Таквата визија ја обезбедува и оваа Влада која по својот состав, кој што го предлага претседателот Бранко Црвенковски поединечно со кредибилитетот и угледот во својата професија што го имаат обезбедува Владата да биде компетентна, стручна и пред се политички одговорна. Таква Влада заслужува да и се даде шанса. Јас лично и мојата пратеничка група им ја даваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?
Има збор г-динот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, веројатно ќе завршеше како што ќе завршеше оваа седница да не беше и последната дискусија. Г-динот Тито Петковски со своите тези може да овозможи уште една толку дневна расправа колку што беше и сегашната. Очигледно во дел од тезите ниту ја најде политичката платформа на својата партија, веројатно не сериозно го мислеше тоа дека Социјал демократскиот сојуз е за нагласена улога на државата во економијата. Тоа би било многу штетно, да речам, по идентификацијата на Социјал демократскиот сојуз. Тоа е едно.

Второ, за кој либерализам овде се потенцираше, оној класичниот либерализам или навистина не се читаат новите теории во либералната теорија. Во што е тоа што толку не се познава за кои иницијативи овде три дена пратениците на Либералната партија разговараат. Мислам дека

се сака точно да се избега од концепциските разлики кои постојат, меѓутоа тие разлики кои парламентарната демократија ги подразбира во чин кој значи избор на Влада, оценка и програма за Влада. Тоа беше тема на расправата која заради тоа што премиерот не ни достави програма, одвреме навреме не носеше во лево или во десно во дискусијата.

Не знам дали има смисла понатаму да се продолжи оваа расправа по прашањето на меѓународната политика, по прашањето на поддршката. Да се разбереме, Либералната партија не може да Ви заличи или не може да ја прикажете како опозициона партија од некој друг тип што мислите Вие да ја прикажете. Либералната партија исто со задоволство го прифаќа ставот на Стејдепартментот во однос на поддршката на Владата и тој е многу принципиелен, посебно во вториот дел каде што упатува на улогата на претседателот Киро Глигоров после атентатот. Така што, немојте под жито да ставате нешто за кое од една страна барате мостови, воздушни или не знам какви, а од друга страна ги подметнувате под тркалата кочниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на избор на Влада на Република Македонија.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

(Аплауз во салата, присутните во салата стануваат).

IX/7.-

Ве молам, седнете.

Дали има некој против?

28 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање.

1 пратеник се воздржува од гласаше.

Констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија и тоа:

1. За претседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски (аплауз)

2. За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

д-р Благој Ханџиски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана (аплауз).

д-р Томислав Чокревски, за министер кој ќе раководи со Министерството за Внатрешни работи (аплауз)

д-р Владо Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда (аплауз)

д-р Љубомир Фрчковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи (аплауз)

д-р Таки Фити, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии (аплауз)

д-р Бекир Жута , за министер кој ќе раководи со Министерство- то за стопанство (аплауз)

Абдулменаф Беџети, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој (аплауз)

Јорго Шундовски за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина (аплауз)

Димитар Бузлевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски (аплауз)

Никола Паракеов, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (аплауз)

Насер Зибери, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика (аплауз)

д-р Софија Тодорова, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура (аплауз)

д-р Аслан Селмани, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука (аплауз)

д-р Слободан Унковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура (аплауз)

д-р Илија Филипче, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство (аплауз)

3. За министри без ресор се избрани: д-р Јане Миљовски, д-р Љубе Трпески, Џемаил Хајдари и Владимир Наумовски (аплауз)

Констатирам дека со изборот на Влада на Република Македонија членовите на Владата од претходниот состав што не се повторно избрани се разрешени од функцијата.

Го молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Прво да го поделите текстот, да станеме сите.

(Се дели текстот на свечената изјава и присутните во салата стануваат).

IX/9.-

Текстот на свечената изјава гласи:

(Претседателот на Собранието Стојан Андов го чита текстот,а новоизбраната Влада го повторува по него)

"Изјавувам дека функцијата ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Го молам претседателот на Владата и министрите да го потпишат текстот на свечената. изјава, а сите присутни да стојат додека трае чинот на потпишување.

(Претседателот на новоизбраната Влада и министрите го потпишуваат текстот на свечената изјава).

Се разбира, сите три примероци треба да се потпишат.

(По потпишувањето на изјавите)

Молам, присутните во салата да седнат.

Дозволете ми во името на пратениците и во мое име да им го честитам изборот на претседателот на Владата Бранко Црвенковски и на министрите и да им посакам успешна работа (аплауз)

Истовремено, дозволете ми да им се заблагодарам на досегашните министри за нивната работа и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Согласно член 89, став 2 од Уставот на Република Македонија министрите не можат да бидат пратеници во Собранието.

Со изборот на пратеникот Насер Зибери за министер кој ќе раководи со министерството за труд и социјална политика констатирам дека по сила на Уставот му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

IX/10.-

Пред да преминеме на втората точка сакам да Ви дадам едно објаснување.

Со изгласувањето на новата Влада мојата партија, Либералната партија оди во опозиција. Ние сите знаеме што е власт. Но што е навистина опозиција и тоа парламентарна во нашата традиција не се знае доволно и немаме доволно постигнато афирмација на тој конститутивен елемент од парламентарниот систем.

Јас сакајќи да си останам со м» јата партија и со пратеничката група на која и припаѓам, ќе ја напуштам функцијата претседател на Собранието, се разбира, оставката ќе ја поднесам писмено и ќе Ве замолам да ја усвоиме на првата наредна седница. Таму ќе дадам по потполно образложение на оставката.

Сега можеме да продолжиме.

Преминуваме на **втората точка** - Именување заменици на министрите во Владата на Република Македонија.

Предлогот на кандидатите за заменици министри Ви е доставен.

Претседателот на Владата на Република Македонија достави допис со кој го известува Собранието дека го повлекува Предлогот Бранко Јаневски да биде именуван за заменик на министерот кој ќе раководи со министерството за труд и социјална политика.

Со оглед на тоа што според член 142 став 4 од Законот за органите на управа, заменициte ги заменуваат министрите во случај на отсутност или спреченост со сите нивни овластувања и одговорности во раководењето, именувањето на заменициte министри по предлогот на претседателот на Владата Собранието ќе го изврши со сходна примена на одредбите на Уставот што се однесуваат за избор на Владата на Република Македонија односно со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Х/1 СЈ/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласањето ќе го извршиме по Предлогот во целина, со јавно гласање.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

32 пратеници гласаа за.

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Врз основа од резултатите од гласањето констатирам дека:

1. Рамазан Ц'РОЈ е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана. (аплауз)

2. Илија Гајтаноски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи. (аплауз)

3. Мерсим Положани, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда. (аплауз)

4. Хари Костов е именуван за заменик на министерот кој раководи со министерството за надворешни работи . (аплауз)

5. Славјанка Стојанова е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии. (аплауз)

6. Благоја Петрушевски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за стопанство. (аплауз)

7. Љупчо Вчков, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за развој. (аплауз)

8. Кирил Настевски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина. (аплауз)

9. Бранко Петковски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за сообраќај и врски. (аплауз)

10. Јордан Зафиров, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. (аплауз)

11. Хасан Јашари, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и физичка култура. (аплауз)

12. д-р Васил Дрвошанов е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за наука. (аплауз)

13. Борко Зафировски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура. (аплауз)

14. Илир Љума, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда. (аплауз)

Констатирам дека со именувањето на заменици на министрите на досегашните заменици на министрите кои што не се повторно именувани им престанува функцијата.

Дозволете ми во името на пратениците да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа.

Истовремено, дозволете ми да им се заблагодарам на досегашните заменици на министрите за нивната досегашна работа и да им посакам успех во нивната понатамошна активност. (аплауз)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 39-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,20 часот)